FEDERATION INTERNATIONALE DE BASKETBALL – INTERNATIONAL BASKETBALL FEDERATION

FIBA

We Are Basketball

МАКЕДОНСКА КОШАРКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА

МКФ

# ОФИЦИЈАЛНИ КОШАРКАРСКИ ПРАВИЛА 2006 година

СО ДОПОЛНУВАЊЕ од 2008 година

# С О Д Р Ж И Н А

*Правило еден – Игра*

**Член 1. Дефиниции**
Кошарка, кош-противнички / сопствен, победник на натпревар

*Правило два – Терен и опрема*

**Член 2. Терен**
Терен за игра, линии
Простор за три поени
Простори околу клупите на екипите
Поставеност на записничка маса и столчиња за замени

**Член 3. Опрема**
Потребна опрема

*Правило три – Екипи*

**Член 4. Екипи**
4.1. Дефиниција
Право на настап, право на игра
Играч, заменик, исклучен играч,
Играчи
4.2. Правило
4.3. Униформа
4.4. Друга опрема

**Член 5. Играчи – Повреда**
**Член 6. Капитен – Должности и права**
**Член 7. Тренери – Должности и права**

*Правило четири – Правила за игра*

**Член 8. Време за игра, нерешен резултат, продолженија**
**Член 9. Почеток и крај на период на игра**
**Член 10. Статус на топката**
**Член 11. Позиција на играч и судија**

**Член 12. Потфрлување на топката, наизменичен посед**

12.1. Дефиниција
12.2. Постапка
12.3. Ситуации на потфрлување на топка
12.4. Наизменичен посед

**Член 13. Како се игра со топка**

13.1. Дефиниција
13.2. Правило

**Член 14. Посед на топка**

**Член 15. Играч во момент на шут**

15.1. Шут за погодок, одбивање, забивање
15.2. Момент на шут
15.3. Континуирано движење во момент на шут

**Член 16. Погодок – кога е постигнат и негова вредност**

16.1. Дефиниција
16.2. Правило

**Член 17. Уфрлување на топка во игра**

17.1. Дефиниција
17.2. Постапка
17.3. Правило
17.4. Казна

**Член 18. Тајм-аут**

18.1. Дефиниција
18.2. Правило
18.3 Постапка

**Член 19. Замена**

19.1. Дефиниција
19.2. Правило
19.3. Постапка

**Член 20. Натпревар загубен без игра**

20.1. Правило
20.2. Казна

**Член 21. Натпревар загубен без завршеток на игра**

21.1. Правило
21.2. Казна

*Правило пет – Прекршоци*

**Член 22. Прекршоци**

22.1. Дефиниција
22.2. Казна

**Член 23. Играч, топка, надвор од гранични линии**

23.1. Дефиниција
23.2. Правило

**Член 24. Водење на топка**

24.1. Дефиниција
24.2. Правило

**Член 25. Чекори**

25.1. Дефиниција
25.2. Правило

**Член 26. Три (3) секунди**

26.1. Правило

**Член 27. Одблизу чуван играч**

27.1. Дефиниција
27.2. Правило

**Член 28. Осум (8) секунди**

28.1. Дефиниција
28.2. Правило

**Член 29. Дваесетичетири (24) секунди**

29.1. Правило
29.2. Постапка
29.2. Казна

**Член 30. Вратена топка**

30.1. Дефиниција
30.2. Правило

**Член 31. Топка во слегувачка патека кон кош и попречување**

31.1. Дефиниција .
31.2. Правило
31.3. Казна

*Правило шест – Грешки*

**Член 32. Грешки**

32.1. Дефиниција

**Член 33. Контакт – општи принципи**

33.1. Принцип на цилиндер
33.2. Принцип на вертикалност
33.3. Дозволена положба на чување
33.4. Чување на играч кој има посед на топка
33.5. Чување на играч кој нема посед на топка
33.6. Играч кој е во воздух
33.7. Поставување екран – правилен и неправилен
33.8. Пробивање
33.9. Блокирање
33.10. Допирање на противник со дланка и/или рака
33.11. Игра на центри (пост)
33.12. Неправилно чување од назад
33.13. Држење
33.14. Туркање

**Член 34. Лична грешка**

34.1. Дефиниција
34.2. Казна

**Член 35. Двострана грешка**

35.1. Дефиниција
35.2. Казна .

**Член 36. Неспортска грешка**

36.1. Дефиниција
36.2. Казна

**Член 37. Исклучувачка грешка**

37.1. Дефиниција
37.2. Казна

**Член 38. Техничка грешка**

38.1. Правила на однесување
38.2. Насилство
38.3. Дефиниција
38.4. Казна

*Правило седум – Општи одредби*

**Член 40. Пет (5) грешки на играч**

**Член 41. Грешки на екипа – казна**

41.1. Дефиниција
41.2. Правило

**Член 42. Посебни случаи**

42.1. Дефиниција
42.2. Постапка

**Член 43. Слободни фрлања**

43.1. Дефиниција
43.2. Правило
43.3. Казна

**Член 44. Грешки кои може да се исправат**

44.1. Дефиниција
44.2. Постапка

*Правило осум – Судии, помошни судии, делегат: должности и права*

**Член 45. Судии, помошни судии и делегат**
**Член 46. Судија: должности и права**
**Член 47. Судии – должности и права**
**Член 48. Записничар и помошен записничар: должности**
**Член 49. Мерач на време: должности**
**Член 50. Мерач на дваесетичетити (24) секунди: должности**
**Измени во анексите на Службените кошаркарски правила 2004**

**Измени и дополнувања 2008**

*Низ текстот на Службените Правила поимите тренер, играч, судија итн., се дадени во машки род, што исто така се однесува и на женскиот род. Сосема разбирливо, ова е сторено исклучиво од практични причини.*

## Правило еден - Игра

### Член 1. Дефиниции

#### 1.1. Кошарка

Кошарка играат две (2) екипи, секоја составена од по пет (5) играчи. Цел на секоја екипа е да постигне погодок во противничкиот кош и да не дозволи противникот да постигне погодок. Играта е раководена од судиите, помошните судии и делегатот.

#### 1.2. Кош - противнички / сопствен

Кошот на кој екипата напаѓа, преставува противнички кош, додека сопствен кош на екипата е кошот кој таа го брани.

#### 1.3. Победник на натпревар

Победник на натпревар е екипата која постигнала поголем број поени на крајот на времето за игра.
Правило два - Терен и опрема
Член 2. Терен

#### 2.1. Терен за игра

Теренот за игра треба да биде рамна, тврда површина осло-бодена од пречки (дијаграм 1.), со димензии дваесетиосум (28) метри во должина и петнаесет (15) метри во ширина, мерено од внатре-шните рабови на граничните линии.
Националните федерации за сопствените натпреварувања мо-же да одобрат постоечки терени со минимални димензии од дваесет-ишест (26) метри во должина и четиринаесет (14) метри во широ-чина.

#### 2.2. Линии

Сите линии треба да бидат исцртани со иста боја (пожелно е бела) со широчина од пет (5) сантиметри и јасно видливи.

#### 2.2.1. Гранична линија

Теренот за игра е ограничен со гранична линија, која се сос-тои од челни линии (на кратките страни) и странични линии (на дол-гите страни). Овие линии не се дел од теренот за игра.
Било која препрека, вклучувајќи ги и клупите на екипите, ќе бидат оддалечени најмалку два (2) метра од теренот за игра.

#### 2.2.2. Централна линија, централен круг и полукругови

Централната линија се исцртува паралелно со челните линии од средните точки на страничните линии. Таа продолжува со своето протегање петнаесет (15) сантиметри преку секоја странична линија.
Централниот круг е обележен на средината на теренот и има радиус (полупречник) од стоиосумдесет (180) сантиметри мерено од надворешниот раб на кругот. Доколку внатрешноста на централниот круг е обоена, бојата мора да биде еднаква со онаа од полињата на ограничување.
Полукруговите ќе бидат обележени на теренот со радиус (по-лупречник) од стоиосумдесет (180) сантиметри мерено од надвореш-ниот раб на полукругот со средна точка на средината на линијата за слободни фрлања. (Дијаграм 2.)

#### 2.2.3. Линии за слободни фрлања и полиња за ограничување

Линијата за слободни фрлања е исцртана на теренот паралел-но со двете челни линии. Нејзиниот подалечен раб е на растојание од петстотиниосумдесет (580) сантиметри од внатрешниот раб на чел-ната линија, долга е тристаишеесет (360) сантиметри и нејзината средна точка лежи на замислената линија која ги спојува средните точки на двете челни линии.
Полињата на ограничување се делови на теренот ограничени со челните линии, линиите за слободни фрлања и линии кои започ-нуваат на челните линии, чии надворешни рабови се оддалечени три-ста (300) сантиметри од средните точки на челните линии и кои завр-шуваат на надворешниот раб на линиите за слободни фрлања.
Овие линии, изземајќи ги челните линии, се дел од полето на ограничување.
Внатрешноста може да биде обоена, но мора да биде еднаква боја како и онаа од централниот круг.
Просторите за скокање по должина на полињата на ограни-чување, резервирани за играчите за време на слободните фрлања, се обележени на начин прикажан на Дијаграм 2.

## ТЕРЕН ЗА ИГРА




Сите линии се обележани со иста боја и со широчина од 5 cm.

***** *Дијаграм 1. –Терен за игра*




***** *Дијаграм 2. Простор за ограничување (рекет)*

**2.2.4. Простор за три (3) поени**

Просторот за три (3) поени на екипата (дијаграм 1 и 3) е це-лиот терен за игра, со исклучок на делот поблизу до противничкиот кош, кој е ограничен со следните линии, кои припаѓаат на овој про-стор:

- Две паралелни линии кои започнуваат на челната линија, на 6,25 метри од точката на теренот која претставува верти-кална проекција на центарот на обрачот на противничкиот кош. Растојанието од оваа точка до внатрешниот раб на сред-ната точка на челната линија изнесува 1,575 метри.
- Полукругот со (полупречник) од 6,25 метри мерено од надво-решниот раб на полукругот до замислената точка на теренот (истата која е дефинирана погоре), како центар на тој полу-круг, кој воедно ги поврзува двете паралелни линии.




**2.2.5. Простори околу клупите на екипите**

Просторите околу клупите на екипите (дијаграм 1) се обеле-жени надвор од теренот, за игра на истата страна на која се наоѓаат записничката маса и клупите на екипите.
Секој простор е ограничен со линија која е продолжение на челната линија од најмалку два (2) метри должина и со друга таква линија со должина од два (2) метри, исцртана под прав агол на стра-ничната линија, на пет (5) метри од централната линија.
Во просторот околу клупите на екипите мора да постои клу-па со четиринаесет (14) седишта, расположива за тренерите, помош-ните тренери, замениците и придружниците на екипата. Сите други лица мора да бидат најмалку два (2) метри зад клупите на екипите.

2.3. Поставеност на записничката маса и столчињата за замени




( записничка маса )
Легенда: 1 = мерач на 24 секунди 4 = записничар 2 = мерач на време 5 = помошен записничар
3 = делегат (ако е присутен)

***** *Дијаграм 4.*

*Поставеност на записничката маса и столчињата за замена*

**Член 3. Опрема**

**Потребна опрема:**
* Статична опрема која се состои од:
- табли;
- зглобни обрачи;
- носачи на таблите, вклучувајќи ја и нивната заштита;
- кошаркарски топки;
- часовник за игра;
- семафор;
- уред за дваесетичетири (24) секунди;
- часовник-стоперка добро видлив (но не часовникот за игра) за мерење тајм-аут;
- два (2) одвоени значително различни и гласни звучни сигнали;
- записник;
- ознаки за ЛГ на играч;
- ознаки за грешки на екипа;
- стрелка за наизменичен посед;
- под за игра;
- терен за игра;
- соодветно осветлување;

За подетален опис на опремата за кошарка види во прилогот на кошаркарските правила: Кошаркарска опрема.

## *Правило три - Екипи*

**Член 4. Екипи**

**4.1. Дефиниција**

4.1.1. Член на екипа има право на настап кога поседува одобрение за настап за екипата, согласно одредбите утврдени од страна на организаторот на натпреварувањето, вклучувајќи ја старо-сната граница утврдена со одредбите.
4.1.2. Член на екипата има право да игра кога неговото име е запи-шано во записникот, пред почетокот на натпреварот, се до-дека не биде исклучен од игра или не направи пет (5) грешки.
4.1.3. За време на играта, членот на екипата е :
- играч кога тој се наоѓа на теренот и има право да игра;
- заменик кога тој не се наоѓа на теренот, но сеуште има право да игра;
- исклучен играч кој има направено пет (5) грешки и повеќе не-ма право да игра.

4.1.4. За време на интервал на игра, сите членови на екипата кои имаат право да играат се сметаат како играчи.

**4.2. Правило**

4.2.1. Секоја екипа се состои од:
- не повеќе од дванаесет (12) членови на екипата со право на настап (игра) вклучувајќи го и капитенот на екипата.
- тренер и доколку екипата има желба, помошен тренер.
- најмногу пет (5) придружници на екипата кои можат да седат на клупата и имаат посебни задолженија (менаџер, лекар, физиотерапевт, статистичар, преведувач итн.)

4.2.2. Пет (5) играчи од секоја екипа се наоѓаат на теренот за игра за време на играта и можат да бидат заменети.
4.2.3. Заменикот станува играч, а играчот станува заменик кога:
- Судијата ќе го повика (му даде знак) заменикот да влезе на теренот за игра;
- За време на тајм-аут или интервал на игра, кога заменикот ќе побара замена од записничарот.

### 4.3. Униформа

4.3.1. Униформата на играчите се состои од:
- Спортски маички (дресови) со иста доминантна боја однапред и одназад. Сите играчи мора да ги носат дресовите во спорт-ските гакички. Дозволено е носење на едноделна опрема (споени дресови и гакички);
- Маички со куси ракави, без оглед на стилот, не смеат да се носат под дресот, освен кога играчот поседува медицинска потврда за нужност од носење таква маичка. Во случај да е обезбедена таква потврда, маичката со куси ракави мора да биде со иста доминантна боја како и самиот дрес.
- Спортски гакички (шорц) со иста доминантна боја, однапред и одназад, но не е задолжително да бидат со иста боја како и дресовите.
- Долни гакички кои во ногавиците се подолги од шорцевите може да се носат под услов да имаат иста боја како и шор-цевите.

4.3.2. Секој играч на предната и задната страна од дресот, треба да има број од постојана и единствена боја, контрастна на бојата на дресот. Бројките треба да бидат јасно видливи и:
- Оние на грбот ќе бидат со височина од најмалку 20 см;
- Оние на предната страна со височина од најмалку 10 см;
- Самата бројка ќе биде со широчина од најмалку 2 см;
- Екипите ќе користат броеви од четири (4) до петнаесет (15);
- Националните федерации во своите првенства можат да одо-брат употреба на други броеви, најмногу од две (2) бројки;
- Играчи од една екипа не смеат да носат исти броеви;
- Било каква реклама или лого ќе биде оддалечено најмалку пет (5) см. од броевите.

4.3.3. Екипите мора да имаат најмалку два (2) комплета дресови и:
- Првоименуваната екипа во програмата (домашната екипа) ќе носи дресови со светла боја (пожелно е таа да биде бела);
- Второименуваната екипа во програмата (гостинската екипа) ќе носи дресови со темна боја.
- Меѓутоа доколку обете вклучени екипи се согласат, тие може да ги изменат боите на дресовите.

### 4.4. Друга опрема

4.4.1. Секоја друга опрема која ја користат играчите мора да биде прилагодена за играње.
Било која опрема која е создадена и дизајнирана така да ја зголемува височината или дофатот на играчот или на било кој начин дава неспортска предност не е дозволена.

4.4.2. Играчите не смеат да носат опрема (предмети) кои можат да причинат повреда кај останатите играчи.

***Не е дозволено да се носи следното:***
- Заштитници за прст, дланка, зглоб, лакт и подлактица, стега-чи или протези од кожа, пластика, мека (свитлива) пластика, метал или некој друг тврд материјал дури и ако се покриени со мек заштитен слој;
- Предмети кои можат да пресечат или причинат гребнатини (ноктите на рацете мора да се кусо подсечени);
- Украси и капа за глава, прибор за коса и накит.

***Дозволено е да се носи следното:***
- Заштитна опрема за рамо, надлактица, горниот и долниот дел на ногата, доколку материјалот е соодветно обложен;
- Протези за колено доколку се правилно покриени;
- Заштитна маска за повреден нос, дури и да е направена од тврд материјал;
- Заштитни очила, доколку се изработени така да не претста-вуваат опасност за останатите играчи;
- Ленти за глава, најмногу пет (5) см. широки, направени од мека еднобојна ткаенина, свитлива пластика или гума.

4.4.3. Било која друга опрема која не е спомената во овој член, во случај да се употребува, мора да биде одобрена од Техничка-та Комисија на ФИБА.

### Член 5. Играчи - Повреда

5.1. Во случај на повреда на играч(и) судиите можат да ја запрат играта.

5.2. Ако топката е сживас кога настанала повредата, судијата не-ма да свирне со свирката се додека екипата која има посед на топка шутира за погодок од игра, го загуби поседот, ја задр-жува топката или пак топката да постане смртвас. Ако е по-требно да се заштити повреден играч, судиите можат веднаш да ја запрат играта.

5.3. Ако повредениот играч не е во состојба веднаш да ја про-должи играта (за приближно 15-тина секунди) или му се ука-жува помош, тој мора да биде заменет или екипата мора да продолжи да игра со помалку од пет (5) играчи.

5.4. Тренери, помошни тренери, заменици и придружници на еки-пата, со дозвола на судијата можат да влезат на теренот за да му укажат помош на играчот, пред тој да биде заменет.

5.5. Докторот може да влезе на теренот дури и без согласност на судијата ако според негова проценка на повредениот играч му е потребна итна медицинска помош.

5.6. За време на играта секој играч кој крвари или има отворена рана, мора да биде заменет. Играчот може да се врати на те-ренот за игра само откако крварењето ќе биде запрено, а по-вредениот дел или отворената рана целосно и безбедно се заштитени. Ако повредениот играч или било кој играч кој крвари или има отворена рана се опорави за време на тајм-аут побаран од било која екипа, пред записничарот да го огласи својот сигнал за замена, тој играч може да продолжи да игра.

5.7. Играчите кои тренерот ги одредил да го започнат натпре-варот, во случај на повреда може да бидат заменети. Во ваков случај противниците исто така имаат право на замена на ист број играчи, доколку за тоа имаат желба.

**Член 6. Капитен - должности и права**

6.1. Капитенот е играч кој ја претставува својата екипа на тере-нот за игра. Тој може да комуницира со судиите во текот на играта за да добие информација што треба да биде сторено на
пристоен начин и единствено кога топката е мртва и часовни-кот за игра е запрен.
6.2. Капитенот веднаш по завршувањето на натпреварот ќе го извести првиот судија доколку неговата екипа има приговор, протест на резултатот на натпреварот и за да го озваничи тоа го става својот потпис на записникот во просторот со ознака "Потпис на капитенот во случај на жалба".

**Член 7. Тренери - должности и права**

7.1. Најмалку дваесет (20) минути пред почетокот на натпреварот секој тренер или негов претстваник, треба да му даде на за-писничарот листа со имиња и броеви на членовите на екипата кои имаат право на настап на натпреварот како и имињата на капитенот на екипата, тренерот и помошниот тренер. Сите членови на екипата чии имиња се внесени во записникот има-ат право на настап, дури ако тие пристигнат и по почетокот на натпреварот.
7.2. Најмалку десет (10) минути пред натпреварот секој тренер со потпис на записникот ќе ја потврди својата согласност за исправноста на запишаните имиња и соодветните броеви на членовите на екипата и имињата на тренерите. Истовремено тие ќе означат пет (5) играчи кои ќе го започнат натпрева-рот. Тренерот на екипата "А" прв ќе ја даде таа информација.
7.3. Тренерите и помошните тренери (како и замениците и при-дружниците на екипата) се единствени лица на кои им е дозволено да останат во просторот на нивната клупа, освен ако на друг начин не е регулирано во овие правила.
7.4. Тренерот и помошниот тренер може да одат до записничката маса за време на натпреварот за да обезбедат статистичка информација, но само кога топката е смртвас и часовникот за игра е запрен.
7.5. Само на тренерот на екипата му е дозволено да стои за време на натпреварот. Тој усно може да им се обраќа на своите играчи, под услов да остане во рамките на просторот околу клупата на својата екипа.
7.6. Ако постои помошен тренер, неговото име мора да биде за-пишано во записникот пред почетокот на натпреварот (него-виот потпис не е потребен). Тој ќе ги превземе сите дол-жности и права на тренерот, ако од било кои причини тој не е во можност да продолжи да ја извршува својата должност.
7.7. Кога капитенот на екипата ќе го напушти теренот, тренерот ќе го извести судијата за бројот на играчот кој ќе делува како капитен на екипата на теренот за игра.
7.8. Капитенот на екипата може да делува како тренер доколку екипата нема тренер или доколку тренерот е спречен да про-должи да ја извршува должноста, а истовремено нема помо-шен тренер запишан во записникот (или подоцна и тој не е во можност да ја извршува должноста).
Ако капитенот мора да ја напушти играта од оправдани при-чини, тој може да продолжи да делува како тренер, меѓутоа доколку тој мора да замине поради исклучувачка грешка или поради повреда не е во состојба да ја извршува должноста тренер, неговата замена како капитен ќе го замени и како тренер.
7.9. Тренерот ќе го одреди изведувачот на слободни фрлања на својата екипа во сите ситуации кога изведувачот на слобод-ните фрлања не е одреден со правилата.

***Правило четири - Правила за игра***

**Член 8. Време за игра, нерешен резултат и продолженија**

8.1. Играта се состои од четири (4) периоди од по десет (10) мину-ти.
8.2. Предвидени се интервали од две (2) минути помеѓу првиот и вториот период (прво полувреме) помеѓу третиот и четвр-тиот период и пред секое продолжение на играта.
8.3. Интервалот на полувремето е со времетраење од петнаесет (15) минути
8.4. Интервалот на играта ќе започне на дваесет (20) минути пред почетокот на натпреварот.
8.5. Интервалот на игра **започнува**:
- дваесет (20) минути пред почетокот на натпреварот;
- кога ќе се огласи звучниот сигнал на часовникот за игра за крај на периодот.

8.6. Интервалот на игра **завршува**:
- на почетокот на првиот период кога топката е легално допре-на од скокач при потфрлувањето
- на почетокот на сите други периоди, кога топката ќе допре или правилно е допрена од играч на теренот за игра после уфрлување на топката во игра.

8.7. Ако резултатот е нерешен на крајот на времето за игра во четвртиот период, играта ќе биде продолжена со продолже-ние од пет (5) минути или толку такви продолженија од пет (5) минути колку што се потребни да се добие победникот.
8.8. Ако е направена грешка кога, или малку пред сигналот на ча-совникот за игра, за крај на времето за игра, било кое евен-туално слободно(ни) фрлање(ња), ќе се изведе(дат) после за-вршетокот на времето за игра.
8.9. Ако е потребно продолжение како резултат на овие слобод-ни фрлања (слободно фрлање), во тој случај сите грешки кои се направени по завршувањето на времето за игра ќе се сме-таат дека се случиле за време на интервал на игра и слободно фрлање(ња) ќе се изведе(дат) пред почетокот на продолже-нието.

**Член 9. Почеток и крај на период на игра**

9.1. Првиот период започнува кога топката е легално допрена од скокач при почетното потфрлување.
9.2. Сите други периоди започнуваат кога топката ќе допре или правилно е допрена од играч на теренот за игра по уфрлува-њето.
9.3. Играта не може да започне ако една од екипите не е со пет (5) играчи на теренот за игра, подготвени за игра.
9.4. За сите натпревари првоименуваната екипа (домашната еки-па) ќе ја има клупата и сопствениот кош на екипата на левата страна од записничката маса гледано кон теренот за игра.
Во случај двете екипи да се договорат, тие може да ги заме-нат клупите на екипите и /или кошевите.
9.5. Пред почетокот на првиот и третиот период за игра, екипите имаат право да се загреваат на половината на теренот за игра каде се наоѓа кошот на нивниот противник.
9.6. Екипите за второто полувреме ќе ги променат кошевите.
9.7. Во сите продолженија екипите ќе продолжат да играат во правец на истите кошеви како во четвртиот период.
9.8. Период, продолжение или играта ќе заврши кога ќе се огласи сигналот на часовникот за игра за крај на времето за игра.

**Член 10. Статус на топката**

10.1. Топката може да биде "жива" или "мртва".
10.2. Топката станува **"жива"**:
- кога топката е правилно одбиена од скокач при потфрлување
- кога топката е на располагање на изведувачот на слободното фрлање при слободно фрлање;
- кога топката е на располагање на играчот кој ја уфрлува во игра.

10.3. Топката станува **"мртва"**:
- кога е постигнат погодок од игра или слободно фрлање;
- кога судијата ќе свирне со свирката додека топката е "жива";
- кога е јасно/очигледно дека топката нема да влезе во кошот при слободно фрлање, после кое следи:
- друго слободно фрлање;
- понатамошна казна (слободно фрлање и/или уфрлување на топката);
- кога се огласува сигналот на часовникот за игра за крај на пе-риод;
- кога се огласува сигналот за дваесет и четири (24) секунди до-дека екипата има посед на топката;
- кога топката после шут од игра се наоѓа во лет кон кошот, ќе ја допре играч од било која екипа, после:
- свирењето на свирката на судијата;
- огласувањето на сигналот на часовникот за игра за крај на пе-риод;
- огласување на сигналот за дваесет и четири (24) секунди.

10.4. Топката **не станува "мртва"** и погодокот ако е постигнат ќе важи, доколку:
- топката е во лет кон кошот после шут од игра и:
- судијата ќе свирне со свирката;
- ќе се огласи сигнал на часовникот за игра за крај на период;
- ќе се огласи сигнал на уредот за дваесетичетири (24) секунди;
- топката е во лет кон кошот при слободно фрлање, судијата свири со свирката за било каков прекршок на правилата, ос-вен оние причинети од шутерот на слободните фрлања;
- играч направи грешка врз било кој противнички играч додека топката е во посед на противникот во момент на шут на кош и кој го завршил неговиот шут со континуирано движење кое започнало пред да се случи грешката.

Оваа одредба нема да се применува и погодокот нема да важи ако после свирење на судијата се случи наполно нов момент на шут.
Оваа одредба нема да се применува и погодокот нема да важи ако за време на континуираното движење на играчот во момент на шут се огласи сигналот за крај на периодот или ако се огласи сигна-лот на дисплејот за дваесет и четири (24) секунди.

**Член 11. Позиција на играч и судија**

11.1. Позицијата на играч се определува со тоа каде тој го допира подот. Ако играчот се наоѓа во воздух, после скок, тој ја задр-жува истата позиција која ја имал пред скокот кога последен пат го допрел подот. Ова ги вклучува граничните линии, цен-тралната линија, линијата за три (3) поени, линијата за сло-бодни фрлања и линиите кои го обележуваат полето на огра-ничување.
11.2. Позицијата на судија се одредува на ист начин како и позици-јата на играчот. Кога топката ќе допре судија, ќе се смета де-ка таа го допира подот каде се наоѓа судијата.

**Член 12. Потфрлување на топката и наизменичен посед**

**12.1. Дефиниција**

12.1.1. Потфрлување на топката се случува кога судијата ќе ја фрли топката во вис помеѓу два (2) противнички играчи на почето-кот на првиот период.
12.1.2. Држена топка се случува кога еден или повеќе играчи од обе-те екипи имаат ставено една или двете раце цврсто на топ-ката, така што ниту еден од нив не може да оствари посед на топката без прекумерна грубост.

### 12.2. Постапка

12.2.1. Секој скокач стои со двете стапала внатре во половината на централниот круг, која е поблиску до сопствениот кош, со ед-ното стапало близу до централната линија.
12.2.2. Соиграчи не можат да заземат соседни места позиции околу кругот, ако противнички играч сака да се постави на едно од тие места.
12.2.3. Судијата ќе ја фрли топката во вис вертикално помеѓу двата противнички играчи, толку високо што ниту еден од нив не може да ја дофати со скок.
12.2.4. Топката мора да биде одбиена со дланка (и) од еден или двата скокачи дури откако таа ќе ја достигне својата највисока точ-ка.
12.2.5. Ниту еден од скокачите не смее да ја напушти својата полож-ба се додека топката не биде одбиена.
12.2.6. Ниту еден од скокачите не смее да ја фати топката, ниту пак да ја допре повеќе од два (2) пати, се додека таа не допре еден (1) од скокачите или подот.
12.2.7. Ако топката не е допрена најмалку од еден (1) од скокачите, потфрлувањето ќе биде повторено.
12.2.8. Нескокачите не смеат да имаат било кој дел од телото на или над линијата на кругот (замислениот цилиндер) пред топката да биде одбиена.
**Повреда на одредбите на член 12.2.1; 12.2.4; 12.2.5; 12.2.6 и 12.2.8 е прекршок.**

### 12.3. Ситуации на потфрлување на топка

Ситуација на потфрлување на топка се случува кога:
- е досудена држана топка;
- топката излегува надвор од граничните линии, а судиите се во сомнеж или не се согласуваат за тоа кој од противниците по-следен ја допрел топката;
- се случил двоен (двостран) прекршок за време на слободните фрлања во случај на неуспешно последно или единствено сло-бодно фрлање;
- "жива"топка ќе се заглави меѓу таблата и обрачот (освен по-меѓу слободни фрлања);
- топката ќе стане "мртва" додека ниту една екипа нема посед на топката или таа не е доделена на ниту една од екипите;
- после поништување на еднакви казни против обете екипи, не-ма други преостанати казни од грешки за извршување и ниту една од екипите нема посед на топката, ниту пак топката е доделена на една од екипите пред да се случи првата грешка или прекршок;
- започнува првиот период на играта.

### 12.4. Наизменичен посед

12.4.1. Наизменичен посед е начин да се причини топката да стане "жива" со уфрлување наместо со потфрлање.
12.4.2. Во сите ситуации на потфрлање екипите наизменично ќе ја уфрлуваат топката во игра од местото најблизу до она место каде се случила ситуацијата на потфрлување.
12.4.3. Екипата која нема да оствари посед на "жива" топка на тере-нот за игра по првото потфрлување со кое ќе започне првиот период, ќе го започне применувањето на правото на наизме-ничниот посед.
12.4.4. Екипата која се стекнала со право на следниот наизменичен посед на крајот на било кој период, ќе го започне следниот период со уфрлување на топката од продолжената централна линија, на спротивната страна од записничката маса.
12.4.5. Наизменичниот посед:
- **започнува** кога топката е на располагање на играчот за уфр-лување;
- **завршува** кога:
- топката допре или е допрена од играч на теренот за игра;
- екипата која врши уфрлување направи прекршок;
- "жива" топка ќе се заглави меѓу таблата и обрачот за време на уфрлувањето.

12.4.6. Екипата која се стекнала со право на уфрлување во процесот на наизменичен посед ќе биде означена со стрелка за наизме-ничен посед во правец на противничкиот кош. Правецот на стрелката ќе биде веднаш променет во спротивниот правец штом ќе заврши уфрлувањето во процесот на наизменичен посед.
12.4.7. Прекршок на екипата за време на своето уфрлање во проце-сот на наизменичен посед, причинува таа екипа да го загуби правото на наизменичен посед. Стрелката за наизменичен по-сед веднаш ќе го промени правецот, покажувајќи дека про-тивникот на екипата која направила прекршок се стекнал со право на наизменичен посед (уфрлување) во следната ситуа-ција на потфрлање. Тогаш играта ќе продолжи со доделување на топката на противниците на екипата која направила пре-кршок, за уфрлување како после обичен прекршок (не по основ на наизменичен посед).
12.4.8. Грешка од било која екипа:
- пред почетокот на периодот освен пред првиот период, или
- за време на уфрлувањето во процесот на наизменичен посед, не причинува екипата да го загуби правото на уфрлување по основ на наизменичен посед.

Ако ваква грешка се случи за време на почетното уфрлување за почеток на период, откако топката е ставена на располагање на играчот што го врши уфрлувањето, но пред таа да допре играч на теренот за игра, тогаш ќе се смета дека грешката се случила за време на играта и соодветно ќе биде казнета.

## Член 13. Како се игра со топка

### 13.1. Дефиниција

За време на играта со топка, се игра само со рака(це) при што таа може да биде додавана, фрлана, удирана, тркалана или водена во било кој правец, во рамките на ограничувањата во овие правила.

### 13.2. Правило

13.2.1. Трчање со топка, намерно удирање или блокирање на топка-та со кој било дел од ногата или удирање на топката со тупа-ница е прекршок.
Случаен контакт или допирање на топката со било кој дел од ногата не е прекршок.
13.2.2. Да се протне раката одоздола низ обрачот и да се допре топ-ката при додавање или скок, е прекршок.
Повреда на одредбите на член 13.2 е прекршок.

## Член 14. Посед на топка

14.1. Поседот на екипата **започнува** кога играч на таа екипа е во посед на "жива" топка бидејќи тој ја држи топката, дрибла со неа или има "жива" топка на располагање.
14.2. Поседот на екипата **продолжува** кога:
- играч на таа екипа е во посед на "жива" топка;
- топката е додавана меѓу соиграчите.

14.3. Поседот на екипата **завршува** кога:
- противникот ќе оствари посед на топка;
- топката ќе стане "мртва";
- топката ги напушта раката(цете) на играчот при шут на кош од игра или од слободно фрлање.

## Член 15. Играч во момент на шут

15.1. **Шут за погодок** од поле или од слободно фрлање е кога топ-ката е во раката(цете) на играчот и потоа таа е фрлена низ воздухот кон противничкиот кош.
**Одбивање** е кога топката е насочена со рака(це) кон против-ничкиот кош.
**Забивање** е кога топката со сила надолу е забиена во против-ничкиот кош, со едната или обете раце.

### 15.2. Момент на шут

- **Започнува** кога играчот ќе започне движење кое вообичаено му претходи на исфрлувањето на топката и по проценка на судијата, тој започнал обид да постигне погодок со фрлање, забивање или одбивање на топката кон противничкиот кош;
- **Завршува** кога топката ја напушта раката(цете) на играчот и во случај на скок-шут кога обете стапала на шутерот ќе се вратат на подот.

На играчот кој се обидува да постигне погодок, противникот може да му ја држи раката(цете) и со тоа да го попречува во обидот, па сепак судијата да смета дека тој се обидува да постигне погодок. Во овој случај не е важно дали топката ја напушта раката (цете) на играчот.

Не постои сооднос помеѓу бројот на правилни чекори и мо-ментот на шут.

### 15.3. Континуираното движење во момент на шут:

- **започнува** кога топката ќе застане во дланката(ите) на игра-чот и ќе започне обид за постигнување погодок, со движење вообичаено нагоре кон кошот;
- подразбира движење на раката(е) и/или телото на играчот во неговиот обид да постигне погодок од игра;
- **завршува** кога топката ќе ја напушти раката(цете) на играчот или ако се случи потполно нов момент на шут.

## Член 16. Погодок: кога е постигнат и негова вредност

### 16.1. Дефиниција

16.1.1. Погодок е постигнат кога "жива" топка ќе влезе во кошот одозгора и ќе остане внатре или помине низ него.
16.1.2. Се смета дека топката е во кош кога и најмал нејзин дел се наоѓа во обрачот и под неговото горно ниво.

### 16.2. Правило

16.2.1. Погодок се запишува на екипата која напаѓа на противнички-от кош во кој е уфрлена топката на следниот начин:
- погодок од слободно фрлање вреди еден (1) поен;
- погодок постигнат од просторот за два поена вреди два (2) по-ени;
- погодок постигнат од просторот за три поени вреди три (3) поени;
- откако топката го допрела обрачот при последно или един-ствено слободно фрлање и исправно е допрена од играч од одбраната или нападот пред таа да влезе во кошот, погодокот вреди два (2) поени.

16.2.2. Ако играч случајно постигне погодок од игра во сопствениот кош погодокот ќе вреди два (2) поени кои ќе бидат запишани како да ги постигнал капитенот на противничката екипа на теренот за игра.
16.2.3. Ако играч намерно постигне погодок од игра во сопствениот кош, тоа е прекршок и погодокот не се признава.
16.2.4. Ако играч причини целата топка да влезе во кошот одоздола тоа е прекршок.

## Член 17. Уфрлување на топка во игра

### 17.1. Дефиниција

17.1.1 Уфрлување се случува кога топката е додадена на теренот за игра од страна на играч кој е надвор од граничните линии.

### 17.2. Постапка

17.2.1. Судијата мора да ја врачи или стави на располагање топката на играчот кој го изведува уфрлувањето. Тој може да ја дофр-ли или додаде топката од подот на играчот кој изведува уфр-лување под услов:
- судијата да не е оддалечен повеќе од четири (4) метри од игра-чот кој го изведува уфрлувањето;
- играчот кој го изведува уфрлувањето да се наоѓа на местото кое го означил судијата.

17.2.2. Играчот ќе изведе уфрлуваљње од местото кое е најблизу до местото на повредата на правилата, кое е означено од судија-та или каде што играта била запрена, освен директно зад та-блата.
17.2.3. Уфрлувањето кое следи ќе биде изведено од продолжената централна линија, спротивно на записничката маса, само во следните ситуации:
- На почетокот на сите периоди, освен на почетокот на првиот период;
- После слободно фрлање(а), како резултат на неспортска, те-хничка или исклучувачка грешка;
- После одобрен тајм-аут на екипата на која и е доделен посед на топката од своето задно поле, за време на последните две (2) минути од четвртиот период и последните две (2) минути од секое продолжение.

Играчот ќе има по една нога на секоја страна од продол-жената централна линија и ќе може да ја додаде топката на соиграч на било јкое место на теренот за игра.
17.2.4. После лична грешка што ја направил играч на екипата која има посед на сжива топка или екипа која има право на топка, уфрлувањето кое следи ќе биде изведено од место кое е нај-блиску до повредата на правилата.
17.2.5. Секогаш кога топката ќе влезе во кошот, но погодокот од игра или слободното фрлање не се признава, уфрлувањето кое следи ќе биде изведено од страничните линии во висина на линијата за слободни фрлања.
17.2.6. После успешен погодок од игра или успешно последно/един-ствено слободно фрлање:
- било кој играч на екипата која ќе прими погодок ќе ја уфрли топката од било кое место на челната линија каде погодокот бил постигнат. Ова исто така се однесува на моментот кога судијата ја врачува или става на располагање топката на играч кој треба да го изведе уфрлувањето после тајм-аут или после секој прекин на играта кој следи после постигнатиот погодок од игра или од последно слободно фрлање.
- играчот кој ја уфрлува топката во игра може да се движи странично и/или наназад и топкта може да биде додавана по-меѓу соиграчи на или зад челната линија, но одбројувањето на пет (5) секунди започнува од моментот кога топката е на располагање на првиот играч надвор од граничната линија.

### 17.3 Правило

17.3.1. Играч кој изведува уфрлување на топка не треба:
- да употреби повеќе од пет (5) секунди да се ослободи од топ-ката;
- да згазне на теренот за игра додека ја има топката во својата рака(це);
- да причини топката да допре простор надвор од граничните линии, откако таа е уфрлена (ослободена) при уфрлувањето;
- да ја допре топката на теренот за игра пред таа да допре друг играч;
- да причини топката дирекно да влезе во кошот директно од уфрлувањето;
- да се поместува на растојание поголемо од еден (1) метар странично, во една или во обете насоки од местото определе-но за уфрлување, пред или за време на уфрлувањето на топ-ката. Меѓутоа дозволено е играчот да се движи наназад од ли-нијата, колку што тоа го дозволуваат условите.

17.3.2. Ниту еден друг играч (и) **нема**:
- да има кој било дел од телото преку граничната линија, пред топката да биде уфрлена преку линијата;
- да биде поблиску од еден (1) метар до играчот кој ја уфрлува топката во игра, кога просторот надвор од граничните линии, без пречки, е помал од два (2) метра до граничната линија.

**Повреда на одредбите на член 17.3 е прекршок.**

### 17.4. Казна

Топката ќе биде доделена на противниците за уфрлување од местото на првобитното уфрлување.

## Член 18. Тајм-аут

### 18.1. Дефиниција

Тајм-аут е прекин на играта кој го побарал тренерот или по-мошникот тренер.

### 18.2. Правило

18.2.1. Секој тајм-аут трае една (1) минута.
18.2.2 Тајм-аут може да биде доделен само за време на можност за тајм-аут.
18.2.3. Можноста за тајм-аут **започнува** кога:
* топката ќе стане "мртва", часовникот за игра е запрен и суди-јата завршил со комуникацијата со записничката маса;
* топката постанала "мртва" после последното или единствено слободно фрлање;
* е постигнат погодок од игра, за екипата која примила пого-док.

18.2.4. Можноста за тајм-аут **завршува** кога топката е на располага-ње на играчот за уфрлување или за прво или единствено сло-бодно фрлање.
18.2.5. Два (2) тајм-аута можат да бидат доделени на секоја екипа во било кое време во текот на првото полувреме, три (3) тајм-аути во било кое време во текот на второто полувреме и еден (1) тајм-аут во било кое време во текот на секое продолже-ние.
18.2.6. Неискористените тајм-аути не можат да бидат пренесени во следното полувреме или продолжение.
18.2.7. Тајм-аут ќе биде одобрен на екипа чиј тренер прв има подне-сено барање, освен ако тајм-аут е одобрен-доделен после по-годок од игра постигнат од противниците, ако не е досудена лична грешка или прекршок.

### 18.3. Постапка

18.3.1. Само тренерот или помошниот тренер има право да побара тајм-аут. Тој ќе воспостави визуелен контакт со записничарот или ќе отиде до записничката маса и јасно ќе побара тајм-аут, прописно покажувајќи го вообичаениот знак со рацете.
18.3.2. Барањето тајм-аут може да биде откажано само пред да се огласи сигналот на записничарот за такво барање.
18.3.3. **Тајм-аут**
* **започнува** кога судијата ќе свирне со свирката и ќе даде знак за тајм-аут;
* **завршува** кога судијата ќе свирне со свирката повикувајќи ги екипите да се вратат назад на теренот.

18.3.4. Веднаш штом започне можноста за тајм-аут, записничарот со огласување на својот сигнал им дава на знаење на судиите де-ка е поднесено барање за тајм-аут. Ако е постигнат погодок од игра против екипата која побарала тајм-аут мерачот на време веднаш ќе го запре часовникот за игра и ќе се огласи со својот сигнал.
18.3.5. За време на тајм-аут, за време на интервал на игра пред поче-токот на вториот и четвртиот период и секое продолжение, играчите може да го напуштат теренот и да седнат на клупата на својата екипа, додека лицата на кои им е дозволен пристап во просторот околу клупата, може да влезат на теренот за игра под услов да останат во рамките на просторот околу нивната клупа.
18.3.6. Ако барањето за тајм-аут е поднесено откако топката е на располагање на шутерот на слободни фрлања за прво или единствено слободно фрлање, тајм-аут ќе биде одобрен за би-ло која екипа ако:
* последното или единствено слободно фрлање е успешно;
* тоа е проследено со уфрлување од продолжената централна линија;
* е досудена грешка помеѓу слободни фрлања. Во овој случај се завршува со реализацијата на слободните фрлања, а тајм-аутот ќе биде дозволен пред да започне реализацијата на ка-зната од следната грешка;
* досудена е грешка пред топката да постане сжива  после по-следното или единствено слободно фрлање. Во овој случај тајм-аут ќе биде дозволен пред реализација на казната од но-вата грешка;
* досуден е прекршок пред топката да стане "жива" после по-следното или единственото слободно фрлање. Во овој случај тајм-аут ќе биде дозволен пред реализација на уфрлувањето како последица на прекршокот.

Во случај на повеќе последователни групи слободни фрлања и/или посед на топката, како резултат на казни од повеќе од една (1) грешка, секоја група казни ќе биде третирана одделно.

18.3.7. Тајм-аут нема да биде дозволен на екипа која постигнала по-годок во последните две (2) минути од четвртиот период или секое продолжение, кога часовникот за игра е запрен поради успешен погодок од игра, освен:
* ако судијата ја прекине играта.
* ако на екипата која не постигнала погодок и е доделен тајм-аут или замена.

Член 19. Замена

19.1. Дефиниција

Замена е прекин на играта побаран од заменикот за тој да стане играч.

19.2. Правило

19.2.1. Екипа може да замени играч(и) за време на можноста за за-мена.
19.2.2. Можноста за замена **започнува** кога:
* топката ќе стане "мртва", часовникот за игра е запрен и суди-јата ја завршил комуникацијата со записничката маса.
* топката ќе стане "мртва" после последно или единствено ус-пешно слободно фрлање.
* е постигнат погодок од игра во последните две (2) минути од четвртиот период или секое продолжение, за екипата која го примила погодокот
19.2.3. Можноста за замена **завршува** кога топката е на располагање на играч за уфрлување или за прво или единствено слободно фрлање.
19.2.4. Играчот кој станал заменик и заменикот кој станал играч не можат повторно да влезат, односно излезат од игра, се додека
топката не стане повторно "мртва" после дел од играта кога часовникот за игра работел, освен ако:
* екипата останала со помалку од пет (5) играчи на теренот за игра;
* играчот на кој му се доделени слободни фрлања како резул-тат на исправка на грешка, се наоѓа на клупата на екипата после извршена правилна замена.

19.3. Постапка

19.3.1. Само заменикот има право да побара замена. Тој (не трене-рот или помошниот тренер) ќе отиде лично до записничката маса и јасно ќе побара замена, покажувајќи го вообичаениот знак со рацете или ќе седне на столчето за замена. Тој мора веднаш да биде подготвен за игра.
19.3.2. Барањето за замена може да биде откажано само ако тоа е сторено пред да се огласи сигналот на записничарот за тоа ба-рање.
19.3.3. Веднаш штом започне можноста за замена, записничарот со огласување на својот сигнал им дава на знаење на судиите де-ка е поднесено барање за замена.
19.3.4. Заменикот ќе остане надвор од граничните линии се додека судијата не даде сигнал за замена и го повика да влезе на те-ренот за игра.
19.3.5. На играчот кој е заменет му е дозволено да оди право на клу-пата на својата екипа, без да се јави на записничарот или су-дијата.
19.3.6. Замените се извршуваат што е можно побрзо. Играч кој на-правил петта (5-та) грешка или е исклучен од игра мора вед-наш да биде заменет (приближно 30 сек).
Ако по процена на судијата постои непотребно оддолжување ќе биде доделен тајм-аут на екипата која ја прекршува одред-бата. Ако екипата нема преостанати тајм-аути може да биде досудена техничка грешка на тренерот ("К").
19.3.7. Ако е побарана замена за време на тајм-аут или за време на интервал на игра, заменикот мора да се јави на записничарот пред да влезе во игра.
19.3.8. Ако изведувачот на слободни фрлања мора да биде заменет бидејќи тој:
* е повреден;
* ја има направено својата петта (5-та) грешка; или
* е исклучен.
Слободните фрлања мора да бидат изведени од неговиот за-меник, кој неможе да биде заменет повторно додека не одигра дел од играта кога работел часовникот за игра.
19.3.9. Ако барањето за замена е поднесено од било која екипа отка-ко топката е на располагање на изведувачот на слободни фр-лања за прво или единствено слободно фрлање, замена ќе би-де одобрена ако:
* последното или единствено слободно фрлање е успешно;
* е проследено со уфрлување од продолжената средна линија;
* е досудена грешка помеѓу слободни фрлања. Во овој случај се завршува со реализација на слободните фрлања, а замената ќе биде дозволена пред да се пристапи на реализација на след-ната (новата) казна од грешката;
* е досудена грешка пред топката да стане "жива" после после-дно или единствено слободно фрлање. Во овој случај замена-та ќе биде извршена-дозволена, пред да се пристапи кон реа-лизација на новата казна од грешка;
* е досуден прекршок пред топката да стане "жива" после по-следно или единствено слободно фрлање. Во овој случај заме-ната ќе биде дозволена пред да биде изведено уфрлувањето.
Во случај на повеќе групи на слободни фрлања како резултат на казни од повеќе од една (1) грешка, секоја група казни ќе биде третирана одделно.
19.3.10. Замена нема да биде дозволена на екипата која постигнала погодок кога часовникот за игра е запрен после погодок од игра во последните две (2) минути од четвртиот период или последните две (2) минути од секое продолжение, освен:
* ако судијата ја прекинал играта;
* ако на екипата која примила погодок и е доделен тајм-аут или замена.

**Член 20. Натпревар загубен без игра**

**20.1. Правило**

Екипата ќе го загуби натпреварот без игра доколку:
* петнаесет (15) минути по предвиденото време за почеток на натпреварот екипата не е присутна или не е во состојба да из-веде на теренот пет (5) играчи подготвени за игра;
* со своето делување спречува да се игра натпреварот;
* одбие да игра откако тоа и е наложено од судијата.

**20.2. Казна**

20.2.1. Натпреварот го добива противничката екипа и резултатот ќе биде 20:0. Освен тоа, екипата која го губи натпреварот без игра добива нула (0) бодови во пласманот.
20.2.2. Ако две (2) екипи играат два (2) натпревара (серија дома/ го-сти) од кои победникот се добива со вкупно постигнати поени во двата натпревара или се игра по Плеј-оф систем подобар во три (3) натпревари, екипата која ќе го загуби без игра првиот, вториот или третиот натпревар од серијата, ја губи целата серија без игра.
Оваа одредба не се применува за натпревари од доигрување (Плеј-оф) во серија подобар од пет (5) натпревари.

**Член 21. Натпревар загубен без завршеток на игра**

**21.1. Правило**
Екипа ќе загуби натпревар без завршеток на игра, ако за време на натпреварот екипата остане со помалку од два (2) играчи спремни за игра на теренот за игра.

**21.2. Казна**
21.2.1. Ако во водство е екипата која на тој начин го добива нат-преварот, резултатот во моментот на прекинот ќе се смета за важечки (конечен). Ако пак екипата која на овој начин го до-бива натпреварот, не е во водство, ќе биде забележен резул-тат од 2:0 во полза на таа екипа. Екипата која го губи натпре-варот ќе добие еден (1) бод во пласманот.
21.2.2. Ако две (2) екипи играат два натпревари (дома/гости) од кои победникот се добива според вкупниот број на поени од двата натпревари, екипата која ќе го загуби првиот или вториот натпревар без завршеток на играта ќе ја загуби целата сери-ја"без завршеток на игра".

## *Правило пет - Прекршоци*

**Член 22. Прекршоци**

**22.1. Дефиниција**
Прекршок е повреда на правилата за игра.

**22.2. Казна**

Топката се доделува на противниците за уфрлување во игра, од местото кое е најблиску до местото каде е направена повредата на правилата, освен директно зад таблата или ако на друг начин не е ре-гулирано со правилата.

**Член 23. Играч надвор од гранични линии и топка надвор од гранични линии**

**23.1. Дефиниција**

Играч е надвор од граничните линии кога било кој дел од неговото тело е во допир со подот или некој друг предмет, но не и играч на, над или надвор од граничните линии.
23.1.1 Топката е надвор од граничните линии кога ќе допре:
* играч или било кое друго лице кое се наоѓа на, над или на-двор од гранична линија;
* подот или било кој друг предмет на, над или надвор од гра-нична линија;
* носачите на таблите, задната страна на таблата или било кој предмет над теренот за игра.

**23.2. Правило**

23.2.1. Играчот кој последен ја допрел топката или е допрен од неа пред таа да отиде надвор од граничните линии, причинил топ-ката да отиде во аут, па дури и во случај при тоа да допре и нешто друго освен играч.
23.2.2. Ако топката е надвор од граничните линии, бидејќи е допре-на или допрела играч кој се наоѓа на или надвор од гранич-ната линија ќе се смета дека тој причинил топката да оди во аут.
23.2.3. Ако играч(и) се движи(ат) надвор од граничните линии или во своето задно поле за време на држена топка, се случува ситуација на потфрлање.

## Член 24. Водење на топка

### 24.1. Дефиниција

24.1.1. Водење на топка **започнува** кога играчот откако ќе оствари посед на "жива" топка на теренот за игра, истата ќе ја при-движи со фрлање, одбивање, тркалање или ќе ја поведе по по-дот и повторно ќе ја допре, пред таа да допре друг играч.
Водењето на топка **завршува** кога играчот ќе ја допре топка-та истовремено со двете раце или ќе дозволи таа да му заста-не во едната или двете раце.
Во тек на водењето, топката може да биде фрлена во воздух под услов таа да го допре подот или друг играч, пред играчот кој ја фрлил повторно да ја допре со рака.
Бројот на чекори кои играчот може да ги направи додека топката не е во контакт со неговата рака не е ограничен.
24.1.2. Играч кој случајно ќе загуби, а потоа повторно ќе оствари посед на "жива" топка на теренот за игра, ќе се смета дека несмасно ја контролира топката.
24.1.3. Следните акции не претставуваат водење на топка:
* последовни шутирања на кош од игра;
* несмасна контрола на топката на почеток или крај на воде-њето;
* обиди да се оствари посед на топката, која се наоѓа помеѓу други играчи со нејзино избивање;
* избивање на топката од рацете на друг играч кој има посед на топка;
* скршнување на додавањето и остварување на посед на топ-ката;
* префрлување на топката од рака во рака и допуштање таа да застане на раката(цете) пред да го допре подот, под услов играчот да не направи прекршок-чекори.

### 24.2. Правило

Играчот нема да ја води топката по втор пат, откако завршил со првото водење, освен ако помеѓу двете водења на топката тој не го загубил поседот на "жива" топка на теренот за игра поради:
* шут на кош од игра;
* допирање на топката од противникот;
* додавње или несмасна контрола на топката, при што топката допрела или ја допрел друг играч.

## Член 25. Чекори

### 25.1. Дефиниција

25.1.1. Чекори се неправилно движење на едната или двете нозе, во било која насока, додека се држи "жива" топка на теренот за игра надвор од ограничувањата наведении во овој член.
25.1.2. Пивотирање е правилно движење во кое играчот кој држи "жива" топка на теренот за игра, исчекори еднаш или повеќе пати во било која насока со истата нога, додека другата нога наречена пивот нога останува во допир со иста точка на по-дот.

### 25.2. Правило

25.2.1. **Воспоставување на пивот нога за играч кој ќе фати "жива" топка на теренот за игра:**
* додека стои со двете нозе на подот:
  - во моментот кога едната нога е подигната, другата станува пивот нога;
* додека се движи или води топка:
  - ако едната нога го допира подот, таа нога станува пивот но-га;
  - ако двете нозе се над подот и играчот доскокне со обете но-зе истовремено, во моментот кога едната нога е подигната, другата станува пивот нога;
  - ако двете нозе се над подот и играчот доскокне на една но-га, таа нога веднаш станува пивот нога. Ако играчот отскок-не од таа нога и застане приземјувачки се со двете нозе исто-времено, тогаш ниту една нога не е пивот нога.

25.2.2. **Движење со топката, за играч кој има воспоставено пивот нога додека има посед на жива топка на теренот за игра:**
* додека стои со двете нозе на подот:
  - на почеток водење на топката пивот ногата не смее да биде подигната пред топката да ја напушти раката(цете).
  - при додавање или шут на кош од игра, играчот може да от-скокне од пивот ногата, но потоа ниту една нога не може да се врати на подот пред топката да ја напушти раката(цете).
* при движење:
  - при додавање или шут на кош од игра, играчот може да от-скокне од пивот ногата и да доскокне истовремено на едната или двете нозе. Потоа едната или двете нозе може да се поди-гнат од подот но ниту една не смее да се врати на подот пред топката да ја напушти раката(цете);
  - за тргнување во водење на топка, пивот ногата не може да биде подигната од подот пред топката да ја напушти раката (цете).
* додека играч застанува кога ниту една нога не е пивот нога:
  - при поаѓање во водење на топката, ниту една нога не може да биде подигната од подот, пред топката да ја напушти раката(цете).
  може да бидат подигнати од подот, но не можат повторно да го допрат подот, пред топката да ја напушти раката(цете).

25.2.3. Играч кој паѓа, лежи или седи на подот:
* правилно е играчот да падне додека ја држи топката или доде-ка лежи или седи на подот да оствари посед на топката;
* прекршок е ако играчот потоа се лизга, тркала или се обидува да стане додека ја држи топката.

## Член 26. Три (3) секунди

### 26.1 Правило

26.1.1. Играчот нема да остане подолго од три (3) последователни секунди во полето на ограничување на противникот, додека неговата екипа има посед на "жива" топка во своето предно поле и часовникот за игра работи:
26.1.2. Допуштена е толеранција за играчот кој:
- се обидува да го напушти полето на ограничување;
- е во полето на ограничување кога тој или негов соиграч е во момент на шут и топката ја напушта или штотуку ја напу-штила раката(цете) при шут од игра;
- води топка во полето на ограничување за да си создаде мож-ност за шут од игра, откако бил во полето на ограничување помалку од три (3) секунди.

26.1.3. За да може да се смета дека играчот се наоѓа надвор од поле-то на ограничување, тој мора да стои на подот со двете нозе надвор од полето.

## Член 27. Одблизу чуван играч

### 27.1. Дефиниција

Играч кој држи "жива" топка на теренот за игра е одблизу чуван, кога противникот се наоѓа во активна положба на чување, на растојание не поглемо од еден (1) метар.

### 27.2. Правило

Одблизу чуван играч мора да ја додаде, шутне, или води топ-ката, во рок од пет (5) секунди.

## Член 28. Осум (8) секунди

### 28.1. Дефиниција

28.1.1. Задно поле на екипата се состои од нејзиниот сопствен кош, делот од таблата кој се наоѓа во теренот за игра и оној дел од теренот кој е ограничен со челната линија зад сопствениот кош на екипта, страничните линии и централната линија.
28.1.2. Предно поле на екипата се состои од противничкиот кош, делот од таблата кој се наоѓа во теренот и оној дел од тере-нот за игра кој е ограничен со челната линија зад противнич-киот кош, страничните линии и работ на централната линија кој е поблизу до противничкиот кош.
28.1.3. Топката поминува во предното поле на екипата кога:
* ќе го допре предното поле;
* ќе допре играч или судија кој има дел од своето тело во допир со предното поле.

### 28.2. Правило

28.2.1. Секогаш кога играч ќе оствари посед на "жива" топка во сво-ето задно поле, неговата екипа мора во рок од осум (8) секун-ди, да причини топката да помине во нејзиното предно поле.
28.2.2. Периодот од осум (8) секунди ќе продолжи со било кое прео-станато време, кога на екипата која претходно имала посед на топката и е доделено уфрлување од задното поле како ре-зултат на:
* излегување на топката надвор од теренот (аут);
* повреден играч од истата екипа;
* ситуација на потфрлање;
* двострана грешка;
* поништување на еднакви казни против обете екипи.

## Член 29. Дваесет и четири (24) секунди

### 29.1. Правило

29.1.1. Секогаш кога играч ќе оствари посед на "жива" топка на те-ренот за игра, неговата екипа мора да изведе обид за шут од игра во рок од дваесет и четири (24) секунди.
За да се смета дека е остварен шут на кош од игра во рок од дваесет и четири (24) секунди:
* топката мора да ја напушти раката(цете) на играчот, пред да се огласи сигналот на уредот за дваесет и четири (24) секунди;
и
* откако топката ќе ја напушти раката(цете) на играчот, топка-та мора да го допре обрачот или да влезе во кошот.

29.1.2 Кога шутот на кош од игра е остварен близу до истекот на пе-риодот од дваесет и четири (24) секунди и се огласи сигнлот додека топката е во воздух:
* ако топката влезе во кошот, ќе се смета дека не се случил прекршок, сигналот ќе биде занемарен и погодокот ќе биде признат;
* ако топката го допре обрачот, но не влезе во кошот, ќе се смета дека не се случил прекршок, сигналот ќе биде занема-рен и играта ќе продолжи;
* ако топката ја погоди таблата (но не и обрачот) или го про-маши обрачот, ќе се смета дека се случил прекршок, освен ако противниците не освоиле моментален и чист посед на топката, во кој случај сигналот ќе биде занемарен и играта ќе продолжи.

Сите ограничувања поврзани со игра на топка во слегувачка патека кон кошот и попречување на топката остануваат во сила и ќе се применуваат.

29.2. Постапка

29.2.1. Ако играта е запрена од судијата поради било која оправдана причина која не е поврзана со ниту една од екипите (диспле-јот за дваесет и четири (24) секунди е ресетиран по грешка, итн.), или е поврзана со противниците на екипата која има посед на топката, нов период од дваесет и четири (24) секунди и посед на топката ќе биде доделен на екипата која претходно имала посед на топката.
Секако, ако во случај на проценка на судиите, дека противни-ците се ставаат во подредена положба, уредот за дваесет и четири (24) секунди ќе продолжи со одбројување од времето кога бил запрен.
29.2.2. Ако сигналот на уредот за дваесет и четири (24) секунди се огласи по грешка, додека екипа има посед на топката или ниту една од екипите нема посед на топката, сигналот ќе биде занемарен и играта ќе продолжи.
Секако, ако според проценка на судиите, екипата која има по-сед на топката е ставена во подредена положба, играта ќе биде запре-на, времето на дисплејот за дваесет и четири (24) секунди ќе биде исправено и топката ќе биде доделена на таа екипа.

29.2.3 Казна

Топката ќе биде доделена на противниците за уфрлување на местото најблиску до она каде играта била запрена од судиите, освен директно зад таблата.

Член 30. Вратена топка во задно поле

30.1. Дефиниција

30.1.1. Топката оди во задното поле на екипата кога:
* таа ќе го допре задното поле;
* таа ќе допре играч или судија кој има дел од телото во допир со задното поле.
30.1.2. Топката е неправилно вратена во задното поле, кога играч на екипата која има посед на "жива" топка е:
* последен што ја допрел топката во предното поле, после што тој играч или негов соиграч прв ја допрел топката во задното поле;
* последен што ја допрел топката во задното поле, после што топката го допрела предното поле и тогаш тој играч или не-гов соиграч први ја допреле топката, а се наоѓаат во задното поле.
Ова ограничување се применува во сите ситуации во предно-то поле на екипата, вклучувајќи го и уфрлувањето на топката во игра.

30.2. Правило

Играч чија екипа има посед на "жива" топка не смее да при-чини таа неправилно да биде вратена во неговото задно поле.

Член 31. Топка во слегувачка патека кон кошот и попречување

31.1. Дефиницја

31.1.1. Шут на кош од игра или слободно фрлање:
* **започнува** кога топката ја напушта раката(цете) на играчот во момент на шут.
* **завршува** кога топката:
- ќе влезе во кошот директно одозгора и ќе остане внатре или ќе помине низ кошот;
- повеќе нема можност да влезе во кошот;
- ќе го допре обрачот;
- ќе го допре подот;
- ќе стане "мртва".

31.2. Правило

31.2.1. Игра на топка во слегувачка патека кон кош се случува кога за време на шут на кош од игра, играч ја допре топката кога таа е потполно над нивото на обрачот и:
* таа е во слегувачка патека кон кошот;
* откако таа удрила во таблата.
31.2.2. Игра на топка во слегувачка патека кон кош се случува кога за време на шут од слободно фрлање, играч ја допре топката додека таа е во лет кон кошот и пред таа да го допре обрачот.
31.2.3. Ограничувањата при играта на топка во слегувачка патека кон кош ќе се применува се додека:
* топката повеќе нема можност да влезе во кошот за време на шут;
* топката удри во обрачот.
31.2.4. Попречување се случува за време на шут на кош од игра кога:
* играч допре обрач или табла додека топката е во контакт со обрачот;
* играч ќе посегне со рака одоздола низ обрачот и ќе ја допре топката;
* играч од одбраната ќе ја допре топката или кошот додека топката е во кошот и со тоа ќе спречи топката да помине низ кошот;
* играч од одбраната ќе причини таблата или обрачот да ви-брираат на начин кој, според оценка на судијата, ја спречил топката да влезе во кошот;
* играч од нападот ќе причини таблата или обрачот да вибри-раат на начин кој, според оценка на судијата причинил топка-та да влезе во кошот.

31.2.5. Попречување се случува за време на шут од слободно фрла-ње кога:
* играч за време на слободно фрлање, по кое следи понатамош-но слободно фрлање(ња) ќе ја допре топката, кошот или та-блата додека сеуште има можност топката да влезе во кошот;
* играч, за време на последно или единствено слободно фрла-ње, ќе го допре кошот или таблата додека топката е во кон-такт со обрачот;
* играч ќе ја допре топката одоздола низ обрачот;
* играч од одбраната за време на последно или единствено сло-бодно фрлање, додека топката има можност да влезе во ко-шот и откако топката го допрела обрачот, причини таблата или обрачот да вибрираат и на тој начин, според оценка на су-дијата, ја попречил топката да влезе во кошот.
* играч од нападот за време на последно или единствено слободно фрлање, додека топката има можност да влезе во ко-шот и откако топката го допрела обрачот, причини таблата или обрачот да вибрираат на тој начин што, според оценка на судијата, причинило топката да влезе во кошот.

31.2.6. Додека топката е во лет кон кошот, за погодок од игра и потоа:
* судијата свирне со свирката;
* се огласи сигналот на часовникот за игра за крај на период, ниту еден играч не смее да ја допре топката откако таа го до-према обрачот, се додека таа сеуште има можност да влезе во кошот.

Сите ограничувања поврзани со топка во слегувачка патека кон кошот и попречувања остануваат во сила и ќе се применуваат.

31.3. Казна

31.3.1. Ако прекршокот е направен од играч на нападот поените не-ма да бидат доделени. Топката ќе биде доделена на противни-кот за уфрлање од продолжената линија за слободни фрлања, ако на друг начин не е регулирано во правилата.

31.3.2. Ако прекршокот е направен од играч на одбраната, на екипа-та која е во напад, ќе бидат доделени:
* еден (1) поен кога се работи за шут од слободно фрлање;
* два (2) поена за шут на кош од полето за два (2) поена;
* три (3) поена за шут на кош од полето за три (3) поена.

Доделувањето на поените е исто како топката да влегла во кошот.

31.3.3. Ако прекршокот е направен од играч од одбраната за време на единствено или последно слободно фрлање, на екипата во напад ќе и биде доделен еден (1) поен, проследен со техничка грешка која ќе му биде досудена на играчот од одбраната:

## *Правило шест - Грешки*

### Член 32. Грешки

32.1. Дефиниција

32.1.1. За време на кошаркарската игра во која десет (10) играчи се движат со голема брзина на ограничен простор, личен кон-такт не може да се избегне.

32.1.2. Грешка е повреда на правилата која се однесува на неправилен личен контакт со противнички играч и/или неспртско однесување.

32.1.3. Не е ограничен бројот на грешките кои можат да бидат досудени против една екипа. Без оглед на казната, секоја грешка ќе биде досудена, во записникот внесена на причинителот и соодветно казнета.

### Член 33. Контакт: Општи принципи

33.1. Принцип на цилиндер

Принципот на цилиндер е дефиниран како простор внатре во замислениот цилиндер кој го завзема играчот на подот. Тој го опфаќа и просторот над играчот и е ограничен со:
* на предната страна со дланките на рацете;
* на задната страна со задникот и
* на страните со надворешните рабови на рацете и нозете.

Рацете и нозете може да бидат испружени пред градите не по-веќе од положбата на стапалата, со свиткани раце во лактите така што подлактиците и дланките се подигнати нагоре. Растојанието по-меѓу стапалата ќе биде различно, зависно од висината на играчот.



***** Дијаграм 5. Принцип на цилиндер

### 33.2. Принцип на вертикалност

Секој играч за време на играта има право да завземе било која положба (цилиндер) на место на теренот за игра кое веќе не е завземено од противник. Овој принцип го штити просторот на подот што го има завземено играчот и просторот над него кога тој ќе скокне вертикално во тој простор. Веднаш штом играчот ја напушти својата вертикална положба (цилиндер) и причини контакт со телото со противнички играч, кој веќе има завземено своја вертикална поло-жба играчот кој ја напуштил вертикалната положба е одговорен за тој контакт.
**Играч од одбраната** не смее да биде казнет доколку вертикал-но го напушти подот (во рамките на неговиот цилиндер) или ако ги испружи рацете и дланките над себе во рамките на својот цилиндер.
**Играч од нападот**, независно дали се наоѓа во воздух или на подот нема да причини контакт со играч на одбраната кој е во дозво-лена положба на чување со:
* користење на рацете за да си создаде дополнителен простор (чистење);
* раширување на нозете или рацете да предизвика контакт за време или веднаш после шутот за погодок од игра.

### 33.3. Дозволена положба на чување

Играч од одбраната воспоставил почетна дозволена положба на чување кога:
* тој е свртен со лице кон противникот;
* тој е со двете стапала на подот.

Дозволената положба на чување се протега вертикално над него (цилиндерот) од подот до таванот. Тој може да ги подигне раце-те и дланките над својата глава или вертикално да скокне, но нив мо-ра да ги задржи во вертикална положба, внатре во замислениот ци-линдер.

### 33.4. Чување на играч кој има посед на топка

Кога се чува играч кој има посед на топката (ја држи или води) елементите на време и растојание не се применуваат. Играчот со топка мора да очекува да биде чуван и мора да биде подготвен да запре или да ја смени насоката на своето движење секогаш кога противникот ќе завземе почетна дозволена положба на чување пред него, дури и ако тоа е сторено во дел од секундата.
Играчот кој чува (играч на одбраната) мора да воспостави почетна дозволена положба на чување, без да причини контакт пред да ја завземе својата положба.
Кога одбранбениот играч веќе воспоставил почетна положба на чување, тој може да се движи за да го чува својот противник, но при тоа тој не може да причини контакт со испружување на рацете, рамењата, колковите или нозете, со што ќе го спречи играчот кој ја води топката да помине покрај него.
При проценката дали грешката е од одбраната (блок) или од нападот (пробивање) вклучувајќи го и играчот со топка, судијата ќе ги употреби следните принципи:
* играчот од одбраната мора да завземе почетна положба на чување свртен со лицето кон играчот со топка, со двете ста-пала на подот;
* играчот од одбраната може да остане неподвижен, да скокне вертикално, да се движи странично или наназад како би ја за-држал почетната дозволена положба на чување;
* додека се движи со цел да остане во почетната дозволена положба на чување, играчот може за момент да го подигне од под едното или обете стапала, се додека движењето е стра-нично или наназад, но не кон играчот со топка;
* контактот мора да се случи на градите (торзото) во кој случај ќе се смета дека играчот од одбраната бил прв на местото ка-де се случил контактот;

* откако завзел дозволена полжба на чување играчот на одбра-ната може да се заврти во рамките на својот цилиндер, за да го ублажи ударот или да одбегне повреда.

Ако се случи било која од горенаведените ситуации, ќе се смета дека грешката ја направил играчот со топка.

### 33.5. Чување на играч кој нема посед на топка

Играч кој нема посед на топка, има право слободно да се дви-жи по теренот за игра и да завземе било која позиција, која веќе не е завземена од друг играч. При чување на играч кој нема посед на топка, се применуваат елементите на време и растојание. Тоа значи дека играчот на одбраната не може да завземе позиција така близу и/или така брзо на патеката на движење на противникот, при што тој нема да има доволно време или растојание да застане или да ја промени насоката на движење. Растојанието е правопропорционално на брзината на противникот, никогаш помалку од еден (1) и никогаш повеќе од два (2) нормални чекори.

Доколку играчот на одбраната не ги почитува елементите на време и растојание, при завземањето на почетната дозволена полож-ба на чување и се служи контакт со противникот, тогаш тој е одгово-рен за контактот. Кога играч на одбраната ќе завземе почетна дозво-лена положба на чување тој може да се движи за да го чува својот противник. Тој не смее да го спречува противникот да помине покрај него со испружување на рацете, рамењата, колковите или нозете во неговата патека на движење. Тој може да се сврти или да ја постави својата рака(це) пред себе близу до телото, во рамките на својот ци-линдер, за да одбегне повреда.

### 33.6. Играч кој е во воздух

Играч кој скокнал во воздух од некое место на теренот за игра, има право повторно да доскокне на истото место. Тој има право да доскокне и на друго место на теренот за игра, под услов на растојанието од местото на скокот до доскокот и самото место на доскок веќе да не е завземано од противнички играч(и), во времето на ско-кот.

Ако играчот скокнал и доскокнал, но по инерција причинил контакт со противникот кој завземал дозволена положба на чување близу до местото на доскокот, тогаш скокачот е одговорен за контактот.

Противникот не смее да се движи и влезе во патеката на дви-жење на играчот, откако тој играч скокнал во воздухот.

Движење под играч кој се наоѓа во воздух и при тоа причи-нување на контакт вообичаено е неспортска грешка, а во одредени околности може да биде и исклучувачка грешка.

### 33.7. Поставување екран: правилен и неправилен

Екран е обид противникот без топка да се задржи или попре-чи да стигне до саканата позиција на теренот за игра.

**Правилен екран** е кога играчот кој поставува екран на про-тивникот:

* е во статична положба (внатре во својот цилиндар кога ќе дојде до контакт);
* ги има на подот двете стапала кога ќе дојде до контакт.

**Неправилен екран** е кога играчот кој поставува екран на про-тивнкот:

* се движел кога се случил контактот;
* не оставил соодветно растојание при поставувањето на екра-нот надвор од видното поле на противникот кој не се движи кога се случил контактот;
* не ги почитува елементите на време и растојание кај против-ник кој се движи кога се случил контактот.

Ако екранот се поставува во видното поле на противник кој не се движи (од напред или странично) играчот може да постави екран близу до него колку што сака, под услов да нема контакт.

Ако екранот се поставува надвор од видното поле на против-ник кој не се движи играчот кој го поставува екранот мора да му до-зволи на противникот да направи еден нормален чекор кон екранот, а притоа да не дојде до контакт.

Ако противникот се движи, се применуваат елементите на време и растојание.

Играчот кој го поставува екранот мора да му остави доволно простор на противникот кому му поставува екран, така што тој може да го одбегне екранот со запирање или пак со менување на насоката на движење.

Под доволно простор се подразбира растојание кое никогаш не е помало од еден (1), но не поголемо од два (2) нормални чекори.

Играч на кого му е поставен правилен екран е одговорен за каков било контакт со играчот кој го поставува екранот.

### 33.8. Пробивање

Пробивање е неправилен личен контакт со или без топка, со буткање или движење во градите (торзото) на противникот.

### 33.9. Блокирање

Блокирање е неправилен личен контакт кој го попречува на-предувањето на противникот со или без топка.

Играч кој се обидува да постави екран, прави грешка при блокирање, доколку дојде до контакт кога тој се движи, а против-никот стои или се оддалечува од него.

Ако играчот не обрнувајќи внимание на топката со лицето е завртен кон противникот ја менува својата положба кога и тој тоа го прави, првенствено е одговорен за секој контакт кој може да се слу-чи, освен ако не се присутни и други чинители.

Изразот "ако не се присутни и други чинители" се однесува на намерно туркање, пробивање или држење од страна на играчот на кого му е поставен екранот.

Дозволено е играчот да ја испружи раката(цете) или лактот, надвор од неговиот цилиндер, при завземање на положба на теренот, но тие мора да бидат спуштени во рамките на цилиндерот кога противникот ќе се обиде да помине. Ако раката(цете) или лактот се на-двор од цилиндерот и се случи контакт, тоа е блокирање или држење.

### 33.10. Допирање на противник со дланка(ки) и/или рака(це)

Допирање на противник со дланка(ки) секогаш само по себе не е грешка.
Судиите ќе одлучат дали со тој контакт играчот стекнал пре-дност. Доколку контактот, на кој било начин ја попречува слободата на движење на противникот, тогаш тоа е грешка.
Неправилно користење на дланка(ки) или испружена рака (це) се случува кога играч од одбраната е во положба на чување и не-говата дланка(ки) или рака(це) се наоѓа и се задржува во контакт со противникот со или без топка, за да го попречи неговото напреду-вање.
Постојано допирање или потиснување на противник со или без топка е грешка која може да доведе до груба игра.
Играч од нападот со топка прави грешка кога:

* ја закачува или одбива раката или лактот околу играчот од одбраната со цел да стекне нечесна предност;
* го оттурнува играчот од одраната за да го попречи да игра или се обиде да игра со топката, или да создаде повеќе про-стор помеѓу себе и играчот на одбраната;
* додека ја води топката користи испружена подлактица или дланка за да го попречи противникот да оствари посед на топ-ката.

Играч од нападот без топка прави грешка ако го оттурне про-тивникот со што:

* останува слободен да прими топка;
* го попречува играчот на одбраната да игра или се обиде да игра со топката;
* создава повеќе простор помеѓу себе и играчот на одбраната.

### 33.11. Игра на центри (пост)

Принципот на вертикалност (принцип на цилиндер) се приме-нува кај играта на центрите.
Играч од нападот на позиција центар (пост) и играч од одбра-ната кој го чува, мораат меѓусебно да ги почитуваат правата на вер-тикалност (цилиндер).
Ако играч од одбраната или нападот на позиција центар (пост) со рамо или колк го турка својот противник од таа позиција или ја попречува неговата слобода на движење со користење на испружени лакти, раце, колена или други делови од телото, тоа е грешка.

### 33.12. Неправилно чување од назад

Неправилно чување од назад е личен контакт со противникот од страна на играчот на одбраната од задната страна. Фактот што играчот на одбраната се обидува да игра со топката не го оправдува неговиот контакт со противникот од назад.

### 33.13. Држење

Држење е неправилен личен контакт со противникот, кој ја попречува неговата слобода на движење. Овој контакт (држење) мо-же да се случи со било кој дел од телото.

### 33.14. Туркање

Туркање е неправилен личен контакт со било кој дел од тело-то во кој играчот со сила го поместува или се обидува да го помести противникот, кој има или нема посед на топката.

## Член 34. Лична грешка

### 34.1. Дефиниција

34.1.1. Лична грешка е контакт грешка на играчот со противникот, додека топката е сживас или смртвас.
Играч не треба да држи, блокира, турка, да се пробива, пре-пнува или да го попречува движењето на противникот со испружу-вање на неговата дланка, рака, рамо, колк, нога, колено или стапало, ниту да го свиткува своето тело во друга освен во нормална положба (надвор од неговиот цилиндер) или да си допушти груба и насилна игра.

### 34.2. Казна

На сторителот ќе му биде досудена лична грешка.
34.2.1. Ако грешката е направена врз играч кој не е во момент на шут:

* играта ќе биде продолжена со уфрлување за екипата која не направила грешка од местото кое е најблиску до она каде е сторена повредата на правилата;
* Ако екипата која сторила грешка е во ситуација на казна по-ради грешки на екипата (излегла од бонус), тогаш ќе се при-мени член 41 (казна поради грешки на екипата).

34.2.2. Ако грешката е направена врз играч кој е во момент на шут, нему ќе му биде доделен следниот број на слободни фрлања:

* ако шутот од игра е успешен, погодокот ќе биде признат и ќе биде доделено едно (1) дополнително слободно фрлање;

* ако шутот од просторот за два (2) поена не е успешен, ќе бидат доделени две (2) слободни фрлања;
* ако шутот од просторот за три (3) поена не е успешен ќе би-дат доделени три (3) слободни фрлања;
* ако грешката е направена непосредно, пред или истовремено со сигналот на часовникот за игра за крај на период, или кога ќе се огласи сигналот на уредот за дваесет и четири (24) се-кунди, додека топката сеуште е во раката(цете) на играчот и шутот за кош од игра е успешен, погодокот не се признава и ќе бидат доделени две (2) или три (3) слободни фрлања.

## Член 35. Двострана грешка

### 35.1. Дефиниција

Двострана грешка е ситуација во која два (2) противнички играчи ќе направат лични грешки еден на друг во приближно исто време.

### 35.2. Казна

35.2.1. Лична грешка ќе биде досудена против двата играчи. Слобод-ни фрлања нема да бидат доделени.
35.2.2. Ако се случи двострана грешка, играта ќе биде продолжена на следниот начин:
* ако приближно во исто време е постигнат погодок од игра кој се признава или е успешно последно или единствено слободно фрлање, топката ќе биде доделена на екипата која примила погодок за уфрлување од било кое место на челната линија;
* ако екипа има посед или стекнала право на топка, топката ќе биде доделена на таа екипа за уфрлување од место кое е нај-блиску до она каде се случила повредата на правилата;
* ако ниту една екипа нема посед на топка, ниту пак стекнала право на топка, се случува ситуација на потфрлување.

## Член 36. Неспортска грешка

### 36.1. Дефиниција

36.1.1. Неспортска грешка е контакт грешка на играч, која според проценка на судијата не е правилен обид за директно играње со топката, во духот и намерата на правилата.
36.1.2. Неспортските грешки мора доследно да бидат толкувани во текот на целата игра.
36.1.3. Судијата мора да ја проценува единствено ситуацијата.
36.1.4. За да проценат кога грешката е неспортска, судиите треба да ги применуваат следните принципи:
* ако играчот не прави напор да игра со топката или да дојде до неа, а притоа причини контакт, тоа е неспортска грешка;
* ако во обид да игра со топката, играчот направи прекумерен контакт (груба грешка), тогаш тој контакт ќе биде проценет како неспортски;
* ако играчот направи грешка при правилен обид да игра со топката (нормална игра) тоа не е неспортска грешка.

### 36.2. Казна

36.2.1. Неспортска грешка ќе му биде досудена на сторителот.
36.2.2. Слободно(ни) фрлање(а) ќе биде(ат) доделено(и) на играчот врз кого е направена грешката, проследено со:
* уфрлување од продолжената централна линија отспротива на записничката маса;
* потфрлување во централниот круг за почеток на првиот пе-риод.

Бројот на слободни фрлања ќе биде:
* ако грешката е направена над играч кој не е во момент на шут, ќе бидат доделени две (2) слободни фрлања;
* ако грешката е направена над играч кој е во момент на шут,, ако е постигнат погодок, погодокот се признава и се доделува едно (1) дополнително слободно фрлање;
* ако грешката е направена над играч во момент на шут кој не успеал да постигне погодок, ќе бидат доделени две (2) или три (3) слободни фрлања, во зависност од местото од каде бил на-правен обидот за постигнување погодок.

## Член 37. Исклучувачка грешка

### 37.1. Дефиниција

37.1.1. Исклучувачка грешка е секое особено неспортско однесува-ње од играч, заменик, отстранет играч, тренер, помошен тре-нер или придружник на екипата.
37.1.2. Играч исто така ќе биде исклучен кога ќе му бидат досудени две (2) неспортски грешки.
37.1.3. Тренерот ќе биде исклучен кога:
* му се досудени две (2) технички грешки (сТ ) како резултат на негово лично неспортско однесување;
* му се досудени три (3) акумулирани технички грешки како резултат на неспортско однесување од клупата на екипата (сКс) - (помошен тренер, заменик или придружник на екипа-та) или комбинација од три (3) технички грешки од кои една-та му е досудена на тренерот лично (сТс).
37.1.4. Ако играч или тренер е исклучен врз основа на одредбите на член **37.1.2 и 37.1.3.**, тие неспортски или технички грешки се единствените кои ќе бидат казнети. Дополнителни казни за исклучувањето нема да бидат изведени.

37.1.5. Тренерот кој е исклучен ќе биде заменет од помошниот тре-нер, кој е запишан во записникот. Ако во записникот нема за-пишано помошен тренер, тренерот ќе биде заменет од капи-тенот.

37.2. Казна

37.2.1. Исклучувачка грешка ќе му биде досудена на сторителот.
37.2.2. Тој ќе биде исклучен и ќе замине и остане во соблекувалната на својата екипа до крајот на играта или доколку тој така од-бере, ќе ја напушти зградата (спортската сала).
37.2.3. Слободно(и) фрлање(а) ќе биде(ат) доделено(и):
* на било кој играч на противникот во случај на грешка без контакт;
* на играчот над кого е направена грешката во случај на гре-шка од контакт;
Проследено со:
* уфрлување од продолжената сцентрална линија отспротива на записничката маса;
* потфрлување во централниот круг за почеток на првиот пер-иод.
37.2.4. Бројот на слободни фрлања ќе биде како што следува:
* ако грешката е направена над играч кој не е во момент на шут или ако тоа е техничка грешка, ќе бидат доделени две (2) сло-бодни фрлања;
* ако грешката е направена над играч во момент на шут, по-годокот ако е постигнат ќе важи и ќе биде доделено едно (1) дополнително слободно фрлање;
* ако грешката е направена над играч во момент на шут кој не успеал да постигне погодок, ќе бидат доделени две (2) или три (3) слободни фрлања.

Член 38. Техничка грешка

38.1. Правила на однесување

38.1.1. Правилното водење на играта бара полна и коректна соработ-тка на членовите на обете екипи (играчи, заменици, тренери, помошни тренери и придружници на екипата) со судиите, помошните судии и делегатот.
38.1.2. Секоја екипа ќе даде се од себе да обезбеди победа, но тоа мора да биде сторено во духот на спортско однесување и чес-на игра.
38.1.3. Секоја намерна или повторена повреда на оваа соработка или несогласување со духот на правилата ќе се смета за техничка грешка.
38.1.4. Судијата може да спречи технички грешки со опомени или дури со преминување преку некои полесни технички повреди на правилата од административен карактер кои очигледно се ненамерни и немаат директно влијание на играта, освен ако истата повреда на правилата не се повтори после опомената.
38.1.5. Ако техничката повреда на правилата е откриена откако топката станала "жива", играта ќе биде запрена и ќе биде до-судена техничка грешка. Казната ќе биде извршена како тех-ничка грешка да се случила во времето кога таа е досудена. Сето она што се случило во текот на интервалот помеѓу тех-ничката повреда на правилата и моментот кога играта била запрена, ќе биде полноважно.

38.2. Насилство

38.2.1. За време на натпревар можат да се случат дејства на насил-ство кои се во спротивност со духот на спортското однесу-вање и чесната игра. Овие дејствија веднаш ќе бидат запрени од судиите и ако е потребно од службените лица одговорни за јавниот ред.
38.2.2. Секогаш кога ќе се случат дејства на насилство помеѓу игра-чи, заменици, тренери, помошни тренери или придружници на екипата, на теренот за игра или просторот околу него, суд-иите ќе преземат потребни активности за да ги спречат.
38.2.3. Било кои од овие личности кои се виновни за насилни акти на агресија кон противниците или судиите ќе бидат исклучени. Судиите мора да поднесат извештај за инцидентот, на органи-заторот на натпреварувањето.
38.2.4. Службените лица на јавниот ред можат да влезат на теренот за игра единствено ако судиите тоа го побараат од нив. Меѓу-тоа кога на теренот за игра ќе влезат гледачи со очигледна намера да предизвикаат насилни дејства, службените лица на јавниот ред мора веднаш да интервенираат за да ги заштитат екипите и судиите.
38.2.5. Сите останати простори вклучувајќи ги влезовите, излезите, ходниците, соблекувалните итн. се во надлежноста на органи-заторот на натпреварувањето и службените лица на јавниот ред.
38.2.6. Физички дејства на играчи, заменици, тренери, помошни тре-нери и придружници на екипата, кои можат да доведат до оштетување на опремата за игра, не смее да бидат дозволени од судиите. Кога судиите ќе забележат однесување од таква природа веднаш ќе го опоменат тренерот на таа екипа.
Ако таквото дејство се повторува, веднаш ќе биде досудена техничка грешка на сторителот(те).

**Одлуките на судиите се конечни и не може да бидат оспору-вани или занемарени.**

38.3. Дефиниција

38.3.1. Техничка грешка е грешка на играч која не е резултат на контакт, туку грешка од природа на однесување и не е огра-ничена со:
* занемарување на опомените од судиите;
* неучтиво допирање на судиите, делегатот, помошните судии или противникот;
* неучтиво комуницирање со судиите, делегатот, помошните судии или противникот;
* употребување на зборови или гестови кои имаат за цел да ги навредат или поттикнуваат гледачите;

* вознемирување на противникот или попречување на неговото видно поле, со мафтање на дланките близу до неговите очи;
* одложување на продолжувањето на играта со намерно допи-рање на топката откако таа поминала низ кошот, или спре-чување брзо да се изведе уфрлување на топката во игра;
* паѓање со цел да се "одглуми" грешка;
* бесење на обрачот на таков начин што обрачот е оптоварен со целата тежина на играчот, освен кога играчот за момент ќе се обеси на обрачот при забивање или ако според процен-ка на судиите играчот се обидува да одбегне своја или повре-да на противнички играч;
* играње на топка во слегувачка патека или попречување за вр-еме на последно или единствено слободно фрлање од страна на играч на одбраната. Еден (1) поен ќе биде доделен на еки-пата во напад, проследен со техничка грешка која ќе биде до-судена на играчот во одбрана.

38.3.2. **Техничка грешка на тренер, помошен тренер, заменик или придружник на екипата** е грешка за неучтиво обраќање, до-пирање на судиите, делегатот, помошните судии или против-никот, или повреда од процедурална или административна природа.

38.4. Казна

38.4.1. Ако техничката грешка е направена:
* од играч ќе му биде досудена техничка грешка како грешка на играч и таа ќе се смета како една од грешките на екипата.
* од тренер (cTc), помошен тренер (cKc), заменик (cKc) или при-дружник на екипата (cKc) ќе биде досудена техничка грешка на тренерот и нема да се смета како една од грешките на екипата.

38.4.2. Ќе бидат доделени две (2) слободни фрлања на противникот, проследени со :
* уфрлување од продолжената централна линија, отспротива на записничката маса;
* потфрлување на топката во централниот круг за почетокот на првиот период.

Член 39. Тепачка

39.1. Дефиниција

Тепачка е взаемно физичко дејство помеѓу два (2) или повеќе противнички играчи, заменици, тренери, помошни тренери и придру-жници на екипата.
Овој член исклучиво се однесува на заменици, тренери, по-мошни тренери и придружници на екипата, кои ќе го напуштат прос-торот околу клупата на екипата за време на тепачка или за време на било која ситуација која може да води кон тепачка.

39.2. Правило

39.2.1. Замениците или придружниците на екипата кои го напушти-ле просторот околу клупата на екипата за време на тепачка или за време на било која ситуација која може да води кон те-пачка, ќе бидат исклучени.

39.2.2. Само на тренерот и/или помошниот тренер им е дозволено да го напуштат просторот околу клупата на екипата за време на тепачка или било која ситуација која може да води кон те-пачка, за да им помогнат на судиите да го задржат или воспо-стават редот. Во оваа ситуација тие нема да бидат исклучени.

39.2.3. Ако тренерот и/или помошниот тренер го напуштат просто-рот околу клупата на екипата и не им помагаат или не се обидуваат да им помогнат на судиите да го одржат или воспо-стават редот, тој (тие) ќе биде(ат) исклучен(и).

39.3. Казна

39.3.1. Независно од бројот на тренери, помошни тренери, заменици или придружници на екипата кои се исклучени поради напу-штање на просторот околу клупата на екипата, ќе биде досу-дена само една (1) техничка грешка (cKc) на тренерот на еки-пата.

39.3.2. Ако членови на обете екипи се исклучени врз основа на овој член и нема други преостанати казни од грешки, играта ќе продолжи како што следува:
Ако во приближно исто време кога играта е запрена заради тепачка:
* е постигнат погодок од игра, топката ќе биде доделена за уфрлување од било кое место на челната линија, на екипата која примила погодок;
* екипата имала посед на топката или стекнала право на топка, топката ќе биде доделена на таа екипа за уфрлување од про-должената централна линија отспротива на записничката ма-са;
* ниту една екипа немала посед на топката ниту пак стекнала право на топката, се случува ситуација на потфрлување.

39.3.3. Сите исклучувачки грешки ќе бидат запишани како што е објаснето и нема да се сметаат како грешки на екипата.

39.3.4. Сите казни за грешки кои се случиле пред ситуацијата на те-пачка ќе бидат реализирани во согласност со чл.42 (Специ-јални ситуации).

## Правило седум - Општи одредби

### Член 40. Пет (5) грешки на играч

40.1. Играч кој направил пет (5) грешки, лични и/или технички, за тоа ќе биде известен од судијата и мора веднаш да ја напушти играта. Тој мора да биде заменет во рок од триесет (30) секун-ди.
40.2. Грешка од играч кој претходно ја направил својата петта (5-та) грешка ќе се смета како грешка на веќе исклучен играч и ќе се досуди и запише во записникот на тренерот (сКс).

### Член 41. Грешки на екипа - Казна

#### 41.1. Дефиниција

41.1.1. Екипата е во ситуација на казна поради грешки на екипата кога направила четири (4) грешки на екипа во тој период.
41.1.2. Сите грешки на екипата направени во интервал на игра ќе се сметаат како дел од периодот или продолжението кое следи.
41.1.3. Сите грешки на екипата направени во продолжението ќе се сметаат како да се направени во четвртиот (4-от) период.

#### 41.2. Правило

41.2.1. Кога екипа е во ситуација на казна поради грешки на екипа-та, сите следни лични грешки на играч, направени над играч кој не е во момент на шут, ќе бидат казнети со две (2) слобод-ни фрлања наместо со уфрлување.
41.2.2. Ако лична грешка е направена од играч на екипа која има по-сед на "жива" топка или од екипа на која и е доделена топка-та, таквата грешка ќе биде казнета со уфрлување за против-ниците.

### Член 42. Посебни случаи

Во ист период на мирување на часовникот кој следи после по-вреда на правилата можат да произлезат посебни случаи, кога се на-правени дополнителни грешки.

#### 42.2. Постапка

42.2.1. Сите грешки ќе бидат досудени и одредени казни за нив.
42.2.2. Ќе биде одреден редоследот по кој се случиле грешките.
42.2.3. Сите грешки со еднакви казни против обете екипи и сите ка-зни од двострани грешки ќе бидат поништени. Кога еднаш ка-зните ќе бидат поништени, ќе се смета како тие никогаш да не се случиле.
42.2.4. Правото на посед на топка како дел од последната казна која треба да се реализира, ги поништува сите претходни права на посед на топката.
42.2.5. Кога топката ќе стане"жива"при изведување на прво или единствено слободно фрлање или уфрлување, таа казна пове-ќе не може да се користи за поништување на друга казна.
42.2.6. Сите преостанати казни ќе бидат реализирани според редо-следот по кој биле досудени.
42.2.7. Ако после поништувањето на еднакви казни против обете екипи, нема други преостанати казни за извршување, играта ќе продолжи како што следува:
* Ако во приближно исто време кога се случила првата повреда на правилата:
- е постигнат погодок од игра, топката ќе биде доделена за уфрлување од било кое место на челната линија, на екипата која примила погодок;
- екипа имала посед на топката или се стекнала со право на топката, топката ќе биде доделена на таа екипа за уфрлување од местото кое е најблизу до она место каде се случила прва-та повреда на правилата;
- ниту една екипа немала посед на топката ниту се стекнала со право на топката, се случува ситуација на потфрлување.

### Член 43. Слободни фрлања

43.1. Слободно фрлање е можност која му е дадена на играч да постигне еден (1) поен не попречуван од никого, од местото зад линијата за слободни фрлања, внатре во полукругот.
43.1.2. Група на слободни фрлања претставуваат сите слободни фр-лања и/или последователен посед на топката, кои се резултат на една казна.

#### 43.2. Правило

43.2.1. Кога е досудена лична грешка и казната за неа е доделување на слободно фрлање(а):
* играчот над кого е направена грешката ќе изведе слободно фрлање;
* ако има поднесено барање за негова замена, тој мора да го изведе слободното фрлање(а) пред да ја напушти играта;
* ако тој мора да ја напушти играта поради повреда, направена петта (5-та) лична грешка или е исклучен, неговата замена ќе го изведе слободното фрлање(ња).
43.2.2. Кога е досудена техничка грешка, било кој играч на против-ничката екипа ќе го изведе слободното фрлање(а).
43.2.3. Изведувачот на слободното фрлање(ња) ќе:
* завземе положба зад линијата за слободни фрлања внатре во полукругот;

* употреби било каков начин на фрлање кон кошот, така што топката ќе влезе во кошот одгоре или ќе го допре обрачот;
* ја исфрли топката во рамките на пет (5) секунди од моментот кога таа му е ставена на располагање од судијата;
* нема да ја допре линијата за слободно фрлање, ниту теренот преку линијата, се додека топката не влезе во кошот или го допре обрачот;
* нема да мами при изведувањето на слободните фрлања.

43.2.4. Играчите имаат право да завземат наизменични позиции во полињата за скок при слободни фрлања, за кои се смета дека имаат длабочина од еден (1) метар (дијаграм 6).

Овие играчи нема да:
* завземат поделби за скок на кои немаат право;
* влезат во просторот на ограничување на неутралната зона или да го напуштат полето за скок, се додека топката не ја на-пушти раката(цете) на изведувачот на слободното фрлање (ња);
* противниците на изведувачот на слободното фрлање нема да го вознемируваат изведувачот со било каква своја постапка.




***** Дијаграм 6. Позиции на играчите за време на слободни фрлања

43.2.5. Играчите кои не завземаат полиња за скок при слободни фр-лања, ќе останат зад линијата за слободни фрлања продолже-на од двете странични линии и зад линијата за три (3) поени, додека топката не го допре обрачот или заврши слободното фрлање.

43.2.6. За време на слободното фрлање(а) после кое следи друга гру-па слободни фрлања или уфрлување, сите играчи ќе останат зад продолжената линија за слободни фрлања и зад линијата за три (3) поена.

**Повреда на одредбите 43.2.3; 43.2.4; 43.2.5; 43.2.6 е прекршок.**

**43.3. Казна**

43.3.1. Ако прекршокот е направен од изведувачот на слободните фрлања:
* поенот(ите) ако е постигнат нема да важи(жат);
* прекршок од било кој друг играч, кој се случил непосредно пред тоа, во приближно исто време или после прекршокот направен од изведувачот на слободните фрлања, ќе биде за-немарен.

Топката ќе биде доделена на противниците за уфрлување од продолжената линија за слободни фрлања, освен ако нема друго сло-бодно фрлање(а) или посед на топка за изведување како резултат на казната.

43.3.2. Ако слободното фрлање е успешно, а прекршокот(ците) го направил било кој играч(и), освен изведувачот:
* поенот(ните) ако е постигнат ќе важи(жат);
* прекршокот(ците) ќе бидат занемарен(ни).

Во случај на последно или единствено слободно фрлање, топ-ката ќе биде доделена на противниците за уфрлување од било кое место на челната линија.

43.3.3. Ако слободното фрлање не е успешно и прекршокот е напра-вен од:
* соиграч на изведувачот на слободното фрлање за време на по-следно или единствено слободно фрлање, топката ќе биде до-делена на противниците за уфрлување од продолжената линја за слободни фрлања, освен ако на таа екипа не и е доделен наредниот посед;
* противник на изведувачот на слободното фрлање, повторено слободно фрлање ќе му биде доделено на изведувачот на сло-бодни фрлања.
* обете екипи при последно или единствено слободно фрлање, се случува ситуација на потфрлување.

### Член 44. Грешки кои може да се исправат

#### 44.1. Дефиниција

Судиите може да исправат грешка ако некое правило нена-мерно е занемарено, само во следните ситуации:
* доделено е назаслужено слободно фрлање(ња);
* пропуштено е да се додели заслужено слободно фрлање(ња);
* погрешно доделување или поништување поен(и) од судиите;
* дозволено е погрешен играч да изведе слободно фрлање(ња).

#### 44.2. Постапка

44.2.1. За да може да се исправат, погоре споменатите грешки мора да бидат откриени од судиите, делегатот или помошните су-дии пред топката да стане "жива" после првата "мртва" топка откако часовникот за игра бил вклучен да работи по грешка-та.
44.2.2. Судијата може да ја запре играта веднаш по откривањето на грешката што може да се исправи, но треба да внимава со тоа да не доведе ниту една екипа во подредена положба.
44.2.3. Сите направени грешки, постигнати поени, употребеното време и сите дополнителни активности кои може да се случат откако се случила грешката, пред нејзиното откривање нема да бидат поништени.
44.2.4 Ако грешката се состои од незаслужени слободни фрлања, слободните фрлања изведени како резултат на грешката ќе бидат поништени и играта ќе продолжи како следува:
* ако часовникот за игра не бил пуштен да работи по грешката, топката ќе биде доделена за уфрлување на екипата чии сло-бодни фрлања биле поништени;
* ако часовникот за игра започнал да работи после грешката и:
- екипата која има посед на топката (или стекнала право на топка) во моментот кога грешката е откриена, е истата екипа која имала посед на топката во моментот кога се случила грешката, или
- ниту една екипа нема посед на топката во моментот кога грешката е откриена, топката ќе биде доделена на екипата која имала право на топка во моментот на грешката;
* ако часовникот за игра започнал да работи за време кога гре-шката е откриена, екипа која има посед на топката (или пра-во на топка) е противникот на екипата која била во посед на топката во моментот на грешката, се случува ситуација на потфрлување;
* ако часовникот за игра почнал да работи за време кога гре-шката е откриена, доделени се слободни фрлања како после-дица на грешка, слободните фрлања ќе се изведат и топката ќе биде доделена за уфрлување на екипата која имала посед на топката во времето кога грешката се случила.
44.2.5. Ако грешката се состои од пропуштање да се додели заслуже-но слободно фрлање(ња):
* ако немало промена на поседот на топката откако се случила грешката, по исправката на грешката, играта ќе продолжи како после било кое обично слободно фрлање;
* ако истата екипа постигне погодок, откако по грешка и бил доделен посед на топката за уфрлување, грешката ќе биде занемарена.
44.2.6. После исправка на погрешно доделување или поништивање погодок, играта ќе биде продолжена од она место на кое е за-прена за исправка на грешката, од екипата која имала право на топка во моментот кога играта е запрена за исправката.
44.2.7. Ако грешката се состои од тоа погрешен играч да извел сло-бодно фрлање(ња), слободното фрлање(ња) изведени како резултат на грешката ќе бидат поништени и топката ќе биде доделена на противниците за уфрлување од продолжената линија за слободни фрлања.
44.2.8. Откако е откриена грешка која сеуште може да се исправи:
* ако играчот кој треба да учествува во исправката на грешката се наоѓа на клупата после правилна замена (не е исклучен или ја нема направено својата петта грешка) тој мора повторно да влезе на теренот за игра за да учествува во исправката на грешката (од тој момент тој станува играч). По завршување-то на исправката, тој може да остане во игра, освен ако по-вторно не е побарана замена, во кој случај играчот може да го напушти теренот за игра.
* ако играчот бил заменет бидејќи направил пет (5) грешки или е исклучен од игра, неговата замена мора да учествува во ис-правката на грешката.
44.2.9. Грешките кои може да се исправат, откако судијата ќе го потпише записникот, повеќе не можат да бидат исправени.
44.2.10. Сите грешки или пропусти на записничарот во однос на ре-зултатот или мерењето на времето од мерачот на време, вклучувајќи го резултатот, бројот на грешки, бројот на тајм-аути, поминато или пропуштено време, може да бидат испра-вени од судиите во било кое време, пред судијата да го потпи-ше записникот.

## *Правило осум - Судии, помошни судии, делегат: должности и права*

### Член 45. Судии, помошни судии и делегат
45.1. Судиите се состојат од: судија и еден (1) или два (2) помошни-ци. Ним ќе им помагаат помошните судии и делегатот.
45.2. Помони судии ќе бидат: записничар, помошник записничар, мерач на време и мерач на дваесет и четири (24) секунди.
45.3. Делегатот ќе седи помеѓу записничарот и мерачот на време. Во текот на натпреварот негова основна должност е да ја надгледува работата на помошните судии и да им помага на судијата и помошникот(ците) за непречено одвивање на игра-та.
45.4. Судиите на натпреварот не треба на било кој начин да бидат поврзани со ниту една од екипите на теренот за игра.

**45.5. Судиите, помошните судии и делегатот ќе го водат натпре-варот во согласност со овие правила и не се овластени да ги менуваат.**
45.6. Униформите на судиите се состојат од судиска блуза, долги црни пантолони, црни чорапи и црни кошаркарски патики.
45.7. Судиите и помошните судии ќе бидат облечени во униформи.

## Член 46. Судија: Должности и права

Судијата:
46.1. Ја прегледува и одобрува целата опрема која ќе се користи за време на играта.
46.2. Го определува службениот часовник за игра, уредот за двае-сет и четири (24) секунди, стоперката и ќе ги запознае помо-шните судии.
46.3. Ја одбира топката за игра од најмалку две (2) користени топ-ки обезбедени од домашната екипа. Ако ниту една од овие топки не е погодна да биде топка за игра, тој може да ја одбе-ре најдобрата од сите расположиви топки.
46.4. Нема да дозволи ниту еден играч да носи на себе предмети кои може да причинат повреда на останатите играчи.
46.5. Ја потфрла топката за почеток на првиот период и ќе ја вра-чи топката за уфрлување за почеток на сите други периоди.
46.6. Има право да ја запре играта кога условите тоа го налагаат.
46.7. Има право да определи-одлучи дека екипата ќе го загуби нат-преварот без игра.
46.8. Внимателно го прегледува записникот на крајот на времето за игра или во било кое време кога ќе почуствува дека е по-требно.
46.9. Го одобрува и потпишува записникот на крај на времето за игра, со што ја завршува администрацијата и понатамошната врска на судиите со играта. Правата на судиите започнуваат кога тие ќе пристигнат на теренот за игра, дваесет (20) мину-ти пред предвидениот почеток на натпреварот, а завршуваат со крајот на времето за игра кој го одобриле судиите.
46.10. Пред да го потпише записникот, ќе запише на неговата задна страна ако се работи за натпревар загубен без игра или имало неспортско однесување на играчи, тренери, помошни тренери или придружници на екипата, кое се случило пред почетокот на времето од дваесет (20) минути до почетокот на натпрева-рот или помеѓу крајот на времето за игра и одобрувањето односно потпишувањето на записникот.
Во ваков случај, судијата (делегатот ако е присутен) мора да испрати детален извештај до организаторот на натпреварувањето.
46.11. Донесува конечна одлука кога е потребно или кога судиите не се согласуваат. За да донесе конечна одлука тој може да се консултира со помошникот(ците), делегатот и/или помошни-те судии.
46.12. Е овластен да одлучи да користи техничка (видео) опрема пред да го потпише записникот, за да утврди дали последниот шут на крај на секој период или продолжение е сторен во вре-мето за игра.
**46.13. Има право да одлучи за било кое прашање кое посебно не е назначено или опфатено со овие правила.**

## Член 47. Судии - Должности и права

47.1. Судиите имаат право да донесуваат одлуки за повреди на правилата направени внатре или надвор од граничните линии, вклучувајќи ја записничката маса, клупите на екипите и про-сторот непосредно зад линиите
47.2. Кога ќе се случи повреда на правилата, кога ќе заврши пери-од на игра или кога судиите ќе сметаат дека е потребно да ја прекинат играта, тие ќе свирнат со свирката. Судиите нема да свирнат со свирките после успешен погодок од игра, успешно слободно фрлање или кога топката постанува сживас.
47.3. Кога носат одлука за личен контакт или прекршок судиите во секој поглед ќе ги почитуваат/уважуваат следните принципи:
* духот и целта на правилата и потребата да се зачува интегри-тетот на играта;
* постојаност во примената на принципот на "прдност-подреде-ност" при што судиите не треба непотребно да го прекинува-ат текот на играта за да казнат личен контакт кој е случаен и кој не му дава предност на играчот кој е одговорен за контак-тот, ниту го става противникот во подредена положба;
* постојаност во примената на чувство во секој натпревар имај-ки ги на ум можностите на играчите, што се однесува до нив-ниот однос за време на натпреварот;
* постојаност во задржувањето на рамнотежа помеѓу контро-лата врз играта и нејзиниот тек, имајќи чувство за тоа што се обидуваат да направат учесниците, досудувајќи го само она што е добро за играта.
47.4. Ако една од екипите поднесе жалба, судијата (делегатот ако е присутен) во рок од еден (1) час по завршувањето на нат-преварот за поднесената жалба ќе го извести организаторот на натпреварувањето.
47.5. Ако судија се повреди или од било која друга причина не мо-же да продолжи да ја извршува својата должност, во рок од пет (5) минути од настанот, играта ќе биде продолжена. Дру-гиот судија ќе суди сам до крајот на натпреварот, освен ако не постои можност повредениот судија да биде заменет со друг квалификуван судија. Судијата на теренот, по консултација со делегатот, ќе донесе одлука во врска со замената.
47.6. Ако за меѓународни натпревари е потребна вербална комуни-кација за да се донесе одлука, таа ќе биде на Англиски јазик.
**47.7. Секој судија има право да донесува одлуки во рамките на не-говите должности, но ниту еден од нив нема право да занема-ри или доведе во прашање одлуки кои ги донел другиот суди-ја.**

**Член 48. Записничар и помошен записничар: должности**

48.1. Записничарот ќе има на располагање записник, каде бележи:
<
**екипи**, со внесување на имиња и броеви на играчите кои го започнуваат натпреварот и сите заменици кои влегуваат во игра. Кога е направена повреда на правилата, во однос на петте играчи кои треба да го започнат натпреварот, замени или броеви на играчи, записничарот веднаш ќе го извести поблискиот судија;

* **тековен резултат** - збир на поени со внесување на поените од игра и успешните слободни фрлања;
* **досудени грешки против секој играч.** Записничарот веднаш мора да го извести судијата кога е досудена петта (5-та) греш-ка против било кој играч. Тој ги запишува досудените грешки против било кој тренер и веднаш мора да го извести судијата кога тренерот треба да биде исклучен. Слично на тоа тој вед-наш ќе го извести судијата кога играч има направено две (2) неспортски грешки и треба да биде исклучен.
* **Тајм-аути.** Тој мора да ги извести судиите при првата можност за тајм-аут, кога екипата има поднесено барање за тајм-аут и со помош на судијата ќе го извести тренерот кога повеќе не-ма тајм-аут во полувремето или продолжението.
* **нареден наизменичен посед**, со ракување на стрелката за на-изменичен посед. Записничарот ќе го подеси правецот на стрелката за наизме-ничен посед веднаш по завршувањето на првото полувреме, бидејќи екипите ги менуваат кошевите во второто полувре-ме.

48.2. Записничарот исто така:
* ќе го покажува бројот на грешките направени од секој играч со подигнување на ознаката со бројот кој одговара на бројот на направени грешки на играчот, на начин кој е видлив за двајцата тренери;
* ќе ја поставува ознаката за грешки на екипата на крајот на записничката маса, поблизу до клупата на екипата, во ситуа-ција на казна поради грешки на екипата (бонус), кога топката ќе стане сживас после четвртата грешка на екипата во перио-дот;
* ќе ги врши замените на играчите;
* ќе го огласи својот сигнал **само** кога топката е смртвас и пред топката повторно да стане сживас. Звукот на неговиот сигнал **не го запира** часовникот за игра или играта, ниту пак причи-нува топката да постане смртвас.

48.3. Помошниот записничар управува со семафорот и му помага на записничарот. Во случај на несовпаѓање помеѓу семафорот и записничарот, кое не може да биде решено, службениот за-писник има предност и согласно со него семафорот ќе биде исправен.

48.4. Ако грешка во записникот е откриена:
* за време на играта, записничарот пред да се огласи со својот сигнал, мора да почека до првата смртвас топка;
* по завршувањето на времето за игра, но пред судијата да го потпише записникот грешката ќе биде исправена, дури ако оваа исправка влијае на конечниот резултат на натпреварот;
* по потпишувањето на записникот од судијата, грешката по-веќе не може да се исправи. Судијата мора да испрати детален извештај до организаторот на натпреварувањето.

**Член 49. Мерач на време: должности**

49.1. Мерачот на време треба да има на располагање часовник за игра и штоперка со кои:
* го мери времето за игра, тајм-аутите и интервалите на игра;
* треба да обезбеди неговиот сигнал да се огласи многу силно и автоматски на крајот на времето за игра во периодот;
* користи било каков можен начин да ги извести судиите, ако неговиот сигнал не се огласил или не бил чуен;
* ги известува екипите и судиите најмалку три (3) минути пред почетокот на третиот период.

49.2. Мерачот на време ќе го мери времето за игра на следниот на-чин:
* **ќе го вклучи часовникот** за игра кога:
  - за време на потфрлување, топката е исправно одбиена од скокач;
  - после последно или единствено слободно фрлање кое е не-успешно и топката станала сживас, таа е допрена или допрела играч на теренот за игра;
  - за време на уфрлување, топката ќе допре или е допрена од играч на теренот за игра;
* **ќе го запре часовникот** за игра кога:
  - ќе истече времето на крајот на времето за игра или период;
  - судија ќе свирне со свирката додека топката е сживас;
  - е постигнат погодок од игра против екипа која побарала тајм-аут;
  - е постигнат погодок од игра во последните две (2) минути од четвртиот период и во последните две (2) минути од секое продолжение;
  - ќе се огласи уредот за дваесет и четири (24) секунди, додека екипата има посед на сживас топка.

49.3. Мерачот на време ќе мери тајм-аут на следниот начин:
* ќе го вклучи дисплејот за мерење на тајм-аут, веднаш штом судија ќе даде знак за тајм-аут;
* ќе се огласи со свој сигнал кога ќе истекнат педесет (50) се-кунди од тајм-аутот;

* ќе се огласи со свој сигнал кога тајм-аутот е истечен.

49.4. Мерачот на време ќе го мери интервалот на игра на следниот начин:
* ќе го вклучи уредот за мерење веднаш кога претходниот пе-риод ќе заврши;
* ќе се огласи со својот сигнал пред почеток на првиот и тре-тиот период, на (3) минути, на (1) минута и на (30) секунди од преостанатото време до почетокот на периодот;

* ќе се огласи со својот сигнал пред почетокот на вториот и че-твртиот период и секое продолжение, кога се преостанати триесет (30) секунди до почетокот на периодот;
* ќе се огласи со својот сигнал и истовремено ќе го запре уре-дот за мерење на време, веднаш штом ќе заврши интервалот за игра.

**Член 50. Мерач на дваесетичетири (24) секунди: должности**

Мерачот на дваесетичетири (24) секунди треба да има на рас-полагање уред за мерење дваесетичетири (24) секунди, со кој ракува така што тој ќе биде:

50.1. **Вклучен или повторно вклучен** кога екипа ќе оствари посед на сживас топка на теренот за игра.

50.2. **Запрен и вратен (ресетиран)** на дваесетичетири (24) секунди, без да покажува време на уредот веднаш штом:
* судија свири со свирката за грешка или прекршок;
* топката ќе влезе во кошот при обид за погодок од игра или додавање;
* топката ќе го допре обрачот, освен кога топката ќе се заглави помеѓу обрачот и таблата;
* играта е запрена поради акција на противникот на екипата која има посед на топката;
* играта е запрена поради акција која не е поврзана со ниту една од екипите, освен ако противникот не се става во подре-дена положба.

50.3. Вратен (ресетиран) на дваесетичетири (24) секунди и повтор-но вклучен, веднаш штом екипа ќе оствари посед на сживас топка на теренот за игра.

Случајно допирање на топката од противникот не дава право на нов период од дваесетичетири (24) секунди, доколку истата екипа го задржи поседот на топката.

50.4. Запрен но не и вратен на дваесетичетири (24) секунди кога на екипата која прѐтходно имала посед на топката и е доделено уфрлување како последица на:
* одење на топката надвор од граничните линии;
* повреда на играч од таа екипа;
* потфрлување;
* двострана грешка;
* поништување на еднакви казни против обете екипи.

50.5. Запрен и нема да работи, односно нема да покажува ништо, кога екипата ќе оствари посед на сживас топка на теренот за игра, а на часовникот за игра преостанале помалку од дваесет ичетири (24) секунди во било кој период.

Сигналот на дисплејот за дваесетичетири (24) секунди не при-чинува часовникот за игра да запре, ниту причинува топката да стане смртва , освен ако екипата има посед на топката.

## ИЗМЕНИ ВО АНЕКСИТЕ - ДОДАТОЦИТЕ на Службените кошаркарски правила 2004

***********************************************************************************************************************************************

**АНЕКС - А: Судиски знаци**

Во овој анекс се додава судиски знак број четиринаесет (14) кој го објаснува броењето на пет (5) и осум (8) секунди при досудува-ње на соодветните прекршоци.

Броењето се врши со десната рака во хоризонтална положба во висина на градите покажувајќи го со прстите соодветниот број на истечени секунди.

На судиските знаци што следуваат по овој нов судиски знак, им се менува редниот број за еден број повеќе.

***********************************************************************************************************************************************

**АНЕКС - Б: Записник**

**Б.7. Тајм-аути**

Б.7.1. Одобрените тајм-аути ќе се запишуваат во записникот со внесување на минутата од времето за игра во периодот или про-должението, во која е користен тајм-аутот, во определините ква-дратчиња под името на екипата.

***********************************************************************************************************************************************

**АНЕКС - Ц: Постапка при жалба**

Ц-4. Видео, филмови, слики или било која визуелна, елек-тронска, дигитална или друг вид опрема може да се користи за:

* да се одлучи дали последниот шут на крајот на секој период или продолжение е во рамките на времето за игра или не;

* да се утврди дисциплинска одговорност или за едукациска цел откако играта ќе заврши.

# ПРОМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ПРАВИЛАТА
# Важност и примена од 1-ви Октомври 2008

**Преглед на промени на правилата 2008**

**<u>Член 4.3 Униформа</u>**




4.3.1 Одредбата дека под дресовите, под одредени услови можат да се носат маички со кратки ракави, повеке не е важечка (се брише цела алинеја 2 од член 4.3.1).

**<u>Член 25 Чекори</u>**




25.2.3 Правилно е играчот да падне и **се лизга** по подот додека ја држи топката или додека лежи или седи на подот, да оствари посед на топката. (алинеја 1)

**<u>Член 28 Осум (8) секунди</u>**



28.1.3 Топката поминува во предното поле на екипата кога :
Се додава алинеја 3 која гласи:
- За време на водење на топката (дриблинг) од задното во предното поле, двете нозе на дриблерот и топката се во контакт со предното поле.

## Член 30 Вратена топка во задно поле




30.1.2 Се додава нов текст кој гласи:
Ако играчот одскокне од своето предно поле, оствари нов посед на екипата додека е во воздухот и потоа доскокне во своето задно поле, тоа повеќе не е прекршок.

## Член 31 Топка во слегувачка патека кон кошот и попречување







31.2.4 Ако играч посегне со рака одоздола низ обрачот и ја допре топката, тоа е **прекршок попречување** (не е повеќе обичен прекршок), со сите релевантни последици кои произлегуваат од правилата. Ова исто така се однесува и на додавање и откако топката го допрела обрачот.
Се додава нова алинеја 6 со следниот текст:

- Играч ќе го зграпчи обрачот за да игра со топката пред или откако топката ќе го допре обрачот.

## Член 36 Неспортска грешка




36.1.4 Се додава нова алинеја 3 со следниот текст:

- Ако одбрамбениот играч причини контакт со противникот од назад или странично во обид да спречи контра напад, а помеѓу напаѓачот и проивничкиот кош нема противнички играч, тогаш тој контакт ќе биде досуден како неспортска грешка.

## Член 38 Техничка грешка




38.3.1 Се додава нова алинеја 6 која пропишува дека техничка грешка може да биде досудена на играч заради прекумерно мафтање со лактите (без контакт).

## Член 50 Мерач на 24 секунди: Должности

50.2 Измени во алинеја 3 (нов текст):

- Топката ќе го допре обрачот на противничкиот кош, освен кога топката ќе се заглави помеѓу обрачот и таблата

- Ова значи дека било кога (дури и при додавање) топката ќе го допре обрачот, дисплејот за 24 секунди ке биде ресетиран на нови 24 секунди
- Ова е направено да го упрости работењето на мерачот на 24 секунди за тој да не мора да одлучува дали акцијата е шут на кош или додавање

# СЛУЖБЕНИ ТОЛКУВАЊА 2008

Толкувањата изнесени во овој документ претставуваат Службени Толкувања на Официјалните кошаркарски правила на ФИБА 2008 и се со важност од 01 Октомври 2008 година.Таму каде толкувањата во овој документ се разликуваат од претходно објавените толкувањана ФИБА , овој документ ќе има предност .

Официјалните кошаркарски правила на ФИБА се одобрени од Централниот Борд на ФИБА и повремено се преиспитувани и исправани од Техничката Комисија на ФИБА .

Правилата се составени што е можно почисто и по јасно , но тие изразуваат и обработуваат повеќе принципи отколку ситуации за време на играта . Освен тоа тие секако неможат да го покријат мноштвото на специфични ситуации кои можат да се случат за време на натпреварот .

Целта на овој документ е да ги претвори принципите и концептите на правилата во практични и специфични ситуации кои можат да произлезат за време на нормална кошаркарска игра .

Толкувањата на различни ситуации можат да го поттикнат размислувањето на судиите за да создадат сопствено, почетно и детално проучување на правилата.

Секако Официјалните Кошаркарски правила ќе останат основен документ според кој ќе се раководи кошаркарската игра на ФИБА. Конечно треба да се има во вид дека судијата има полно право да носи одлуки за било која ситуација која не е покриена односно регулирана со правилата или следните службени толкувања на ФИБА .

# Член 17 : Уфрлување

ПРИКАЗ „ 17 .4 :

Постојат дополнителни ситуации освен оние кои се наведени во член 17.2.3, во кој уфрлувањето кое следи ќе биде изведено од продолженaта централна линија спротивно на записничката маса:

а)Играчот кој го изведува уфрлувањето од продолжената централна линија спротивно на записничката маса, прави прекршок и топката е доделена на противникот за уфрлување од местото на оргиналното уфрлување.

б) Ако во ситуација на тепачка, членови на обете екипи се исклучени, нема други казни од грешки за администрирање и во времето кога играта била запрена, екипа имала посед на топката или се стекнала со право на топка.

Толкување :

Во сите погоре наведени ситуации, играчот кој ја уфрлува топката во игра има право да ја додаде топката било каде на теренот ( и во предно и во задно поле).

Член 18/19: Тајм „ аут / замена

ПРИКАЗ „ 18 / 19.7:

Пример:

Се случил прекршок игра на топка во слегувачка патека или прекршок попречување на топката.

а) За време на последните 2 минути на играта во четвртиот период или било кое продолжение

б) За време на играта но не во последние 2 минути од четвртиот период или било кое продолжение

Во времето кога се случил прекршокот заменик-ци од една или обете екипи чекаат на записничката маса да влезат во игра.

Толкување:

Во ( а и б ), прекршокот причинил часовникот за игра да биде запрен и топката да постане мртва. Замените ќе бидат одобрени.

Член 25: Чекори

ПРИКАЗ „ 25.1

Ако играч кој лежи на подот оствари посед на топката, тоа не е прекршок. Ако играч кој во своите раце држи топка и ненамерно падне на подот истотака не е прекршок. Возможно е како последица на силата на движење ( замав, инерција ), при паѓањето играчот кратко да се лизга по подот, што исто така е правилно и не е прекршок, но ако играчот потоа се тркала или се обиде да стане додека ја држи топката во рацете се случува прекршок „ чекори.

Пример 1:

А3 додека ја држи топката во рацете, губи рамнотежа и паѓа на подот.

Толкување:

Ненамерното паѓање на подот на А3 не е прекршок.

Пример 2:

Додека лежи на подот, А3 остварува посед на топката. А3 потоа:

а) Ја додава топката на А4

б) Започнува да ја води топката сеуште лежејки на подот

в) Се обидува да стане држејки ја топката во рацете

Толкување:

**Во ( а и б ) акцијата на А3 е исправна**
**Во ( в ) се случил прекршок „ чекори**

**Пример 3:**

**А3 додека ја држи топката на рацете, паѓа на подот. Неговиот замав на движење (инерција), причинува А3 да се лизга вдолж подот пред да запре.**

**Толкување:**

**Ненамерното лизгање по подот на А3 не е прекршок. Ако потоа А3 се тркала по подот или се обидува да стане со топката во своите раце се случува прекршок „ чекори.**

**<u>Член 28: Осум секунди</u>**

**ПРИКАЗ „ 28.3**

**За време на водење на топката ( дриблинг ) од задното во предното поле, топката поминува во предно поле на екипата кога двете нозе на дриблерот и топката се во контакт со предното поле. Оваа одредба се однесува само на играч кој ја води топката ( дриблер ).**

**Пример 1:**

**А1 ( не е дриблер ) стои на подот со опчекорена централна линија. Тој ја прима топката од А2 кој е во задното поле. Потоа А1 ја додава топката повторно на А2 кој сеуште е во задното поле на својата екипа.**

**Толкување:**

**Оваа акција е прекршок од А2, бидејќи А1 не е дриблер. Одредбите на членот 28.1.3 „ трета алинеа се однесуваат само играчот што води топка ( дриблер ).**

**Пример 2:**

**А2 ја води топката од неговото задно поле, го завршува водењето додека стои со опчекорена централна линија, држејки ја топката во рацете. Потоа А2 ја додава топката на соиграчот А1 кој исто така стои на теренот со опчекорена централна линија.**

**Толкување:**

**Водењето на топката завршува кога играчот ја фаќа топката истовремено со двете раце или дозволува таа да застане ( мирува ) во едната или обете раце. Заради тоа А2 повеќе не е играч што ја води топката ( дриблер ) и било кое додавање на А2 кон А1 кој стои на теренот со опчекорена централна линија или додавање кон било кој соиграч во задното поле е прекршок.**

**Пример 3:**

**А2 ја води топката од своето задно поле и има една нога ( но не и двете ) во предното поле. А2 потоа ја додава топката до А1 кој стои на теренот со опчекорена централна линија. А1 потоа продолжува да ја води топката во своето задно поле.**

**Толкување:**

**Прекршок од А1. Оргиналниот ( вистинскиот ) дриблер А2, не причинил топката да премине во предното поле, но топката веќе преминала во предното поле кога го допрела А1 кој има дел од телото во контакт со предното поле. Во таа ситуација А1 нема право да ја врати топката во задното поле.**

**Пример 4:**

**Дриблерот А4 ја води топката и напредува од своето задно поле, кога тој го запира своето движење нанапред но продолжува да ја води топката:**

а) додека ја има опчекорена централната линија
б) додека неговите две нозе се во предното поле, но топката е одбивана (тапкана) во задното поле
в) додека неговите две нозе се во задното поле топката е одбивана (тапкана) во предното поле.

Толкување:

Во ( а, б и в ), дриблерот А4 продолжува да се наоѓа во задното поле се додека обете нозе и топката не го допрат предното поле. Во сите три ситуации продолжува броењето од осум секунди за пренесување на топката во предното поле.

Пример 5:

Дриблерот А4 ја води топката напредувајки од своето задно поле и ја води топката вдолж централната линија со двете нозе во предното поле на екипата А, но со топката која е водена ( тапкана ) во задното поле. А4 потоа продолжува со водењето вракајки се со обете нозе во задното поле.

Толкување:

Исправна акција. Дриблерот А4 продолжува да се наоѓа во задното поле се додека неговите две нозе и топката не го допрат предното поле. Броењето на периодот осум секунди ќе продолжи.

## Член 30: Вратена топка во задно поле

ПРИКАЗ „ 30.1

Додека е во воздухот играчот го задржува истиот статус во однос на подот како кога последен пат го допрел истиот пред да отскокне во воздухот. Примената на овој принцип понекогаш резултира со нечесни ситуации.

Кога играчот кој е во воздухот:

а) Отскокннал од неговото предно поле,
б) Остварил посед на топката додека е во воздухот, чинејки го тоа тој е прв играч на својата екипа кој остварил посед на топката
в) Потоа се вратил на подот во задното поле на својата екипа, тој играч е безпомошен да го избегне прекршокот вратена топка во задно поле.

За да се избегне ваква нечесна ( нефер ) ситуација, усвоен е исклучок во член 30 во кој се вели дека под услов ако играч е во воздухот и оствари нов посед на екипата, положбата на тој играч во однос со предното / задното поле нема да се воспостави се додека играчот не се врати со обете нозе на полето.

Пример 1:

А4 во задното поле на екипата А се обидува да изведе контранапад додавајки ја топката кон А5 кој се наоѓа во предното поле на екипата А. Б3 во предното поле на екипата Б ( задното поле на екипата А ) скока во воздухот, го пресекува додавањето додека е во воздухот и потоа доскокнува:

а) Со двете нозе во задното поле на екипата Б
б) Со опчекорена централна линија

Толкување:

Не се случил прекршок. Кога Б3 го воспоставил првиот посед на екипата Б додека бил во воздухот, неговата позиција во однос на предното / задното поле не била воспоставена се додека Б3 со обете нозе не се вратил на подот. Во обете ситуации ( а и б ), се смета дека Б3 е правилно во задното поле на екипата Б.

**Пример 2:**

**При почетното потфрлање со кое започнува прввиот период на играта, топката била исправно одбиена кога нескокачот А5 отскокнал од предното поле на екипата А, остварил посед на топката додека е во воздухот и доскокнал во задното поле на екипата А со:**

**а) Обете нозе во задното поле на екипата А**
**б) Опчекорена централна линија**

**Толкување:**
**Не се случил прекршок. Екипата А воспоставила прв посед кога А5 остварил посед додека бил во воздухот. Во обете ситуации ( а и б ), А5 правилно се наоѓа во задното поле на екипата А.**

**Пример 3:**
**А4 треба да изведе уфрлување на топката од страничната линија во предното поле на екипата А. Тој се обидува да ја додаде топката до А3. А3 отскокнува во воздухот остварува посед на топката и се враќа на подот со:**

**а) Обете нозе во задното поле на екипата А**
**б) Опчекорена централна линија**

**Толкување:**

**Посед на екипата А во предното поле веќе бил воспоставен пред А3 да воспостави посед додека е во воздухот. Во обете ситуации ( а и б ), се случил прекршок вратена топка во задно поле.**

**<u>Член 31: Топка во слегувачка патека кон кошот и попречување</u>**

**ПРИКАЗ „ 31.2:**

**Кога топката е над обрачот за време на додавање или скок, ако играч пружи рака низ обрачот ( одоздола ) и ја допре топката тоа е прекршок попречување.**

**Пример :**
**Како резултат на додавање, топката е над обрачот, кога А4 пружа рака низ обрачот одоздола и ја допира топката.**

**Толкување:**
**Се случил прекршок попречување. На екипата Б ќе и бидат доделени два или три поени.**

**<u>Член 35. Двострана грешка</u>**

**ПРИКАЗ „ 35.1:**

**Кога ќе бидат донесени спротивни одлуки на судиите или ќе се случат повреди на правилата во приближно исто време и една од казните наложува постигнатиот кош да биде поништен, таа казна преовладува и поените нема да бидат доделени.**

**Пример 1:**
**За време на момент на шут, доаѓа до физички контакт помеѓу шутерот А4 и Б4. Топката влегува во кошот. Водечкиот судија досудил грешка во напад од А4 и заради тоа кошот не треба да биде признат. Пратечкиот судија досудил грешка од играчот од одбрана и заради тоа кошот треба да биде признат.**
**Толкување:**
**Ова е ситуација на двострана грешка и кошот нема да биде признат. Играта ќе продолжи со уфрлување на топката од продолжената линија за слободни фрлања за екипата А. Екипата ќе има за напад онолку време колку преостанало од периодот за 24 секунди во моментот кога се случила двостраната грешка.**

**<u>Член 36. Неспортска грешка</u>**

**ПРИКАЗ 36.1:**
**Кога топката е надвор од теренот за уфрлување и сеуште е во рацете на судијата или веќе е на располагање на играчот за уфрлување, одбрамбен играч на теренот причинува контакт со играч**

на екипата која го изведува уфрлувањето поради кој е досудена грешка, таа грешка ќе биде оквалификувана ( досудена ) како неспортска грешка.

Пример 1:
А4 ја има топката во своите раце на располагање за уфрлување, кога Б5 причинил контакт со А5 и на Б5 му е досудена грешка.

Толкување:

Бидејки е очигледно дека А5 не прави напор да игра на топката и остварува неспортска предност не дозволувајки часовникот за игра повторно да биде пуштен да работи, без опомена ќе биде досудена неспортска грешка.

Пример 2:
Топката ги напуштила рацете на А4 при уфрлување, кога Б4 направил контакт со А5 и е досудена грешка од Б5.

Толкување:

Ке биде досудена обична лична грешка, освен ако судиите не проценат дека природата на грешката на Б5 бара да се досуди неспортска или исклучувачка грешка.

## Член 38. Техничка грешка

ПРИКАЗ „ 38. 7:

Ако играч падне на подот со цел да иссценира ( одглуми ) грешка заради стекнување на нечесна предност со досудување на грешката на противникот или за создавање на неспортска атмосвера меѓу гледачите кон судиите, такво однесување ќе се смета за неспортско однесување.

Пример:

А4 ја води топката кон противничкиот кош, кога одбрамбениот играч Б4 паѓа наназад на подот без да се случи контакт или после занемарливо мал контакт кој дефинитивно не може да причини такво театрално паѓање на Б4. Опомена за такво однесување веќе е доделена на играчите на екипата Б преку нивниот тренер.

Толкување:

Таквото однесување е неспортско и го ремети нормалното одвивање на играта. Ќе биде досудена техничка грешка на Б4.

ПРИКАЗ „ 38.8:

Ако се дозволи прекумерно мафтање со лактите, многу често може да дојде до сериозна повреда, особено во ситуациите при скокови и одблизу чуван играч. Ако такви активности резултираат со контакт тогаш може да биде досудена лична грешка. Ако акцијата не резултира со контакт, може да биде досудена техничка грешка.

Пример:

А4 во скок остварил посед на топката и доскокнал на подот. Веднаш по доскокнувањето А4 е одблизу чуван од Б4. Без да причини контакт со Б4, А4 прекумерно замавнува ( мафта ) со лактите во обид да го заплаши Б4 или да ослободи доволно простор за пивот, додавање и дриблинг.

Толкување:

Акцијата на А4 не е во согласност со духот и целта на правилата. Техничка грешка може да биде досудена против А4.

ФИБА Европа Меѓународен Инструктор
Ѓорги Пиперков